**Минуваме на точка 2 - Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година - второ читање**

Еве ме известуваат дека со секој момент министерот за финансии ќе дојде.

Продолжуваме со работа.

Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 2013 година ви е доставен.

Врз основа на член 180 од Деловникот на Собранието да се води претрес по Предлогот за изменување и дополнување на буџетот како по Предлог на закон во второ читање со тоа што е задолжително општ претрес. Претресот по Предлогот за изменување и дополнување на буџетот трае најмногу пет дена.

Го молам министерот Ставрески да го презентира Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Зоран Ставрески**: Благодарам претседателе.

Почитувани претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете на почетокот на моето излагање да ве поздравам и да ви посакам конструктивна и ефикасна работа во основа по дискусијата за предлог за измена и дополнување на буџетот за 2013 година.

Буџетот секако претставува најзначајниот инструмент за реализација на економската политика во секоја земја и од тој аспект очекувам да имаме добра дебата, да се дискутираат политиките и позициите кои што се составен дел на ребалансот, а секако ќе има и поширока дебата околу останатите политики бидејќи во буџетот е одразена целокупната програма на работа на Владата на Република Македонија. Би сакал да истакнам дека македонската економија во текот на изминатите девет месеци имаше процес на постепено заздравување, процес кој што за среќа се одвиваше и во време кога европската економија сеуште беше во рецесија и тоа покажува дека политиките во делот на фискалната политика, во делот на пазарот на работна сила, пред се дночната политика и останатите сегменти како и политиката на крупни капитални инвестиции беа добро поставени и помогнаа на Република Македонија да помине полесно низ овој период во 2013 година.

Исто така сакам да истакнам дека со буџетот и реализацијата на буџетот во досегашниот период се потврди она што Владата го кажа и минатата година кога го носевме буџетот, а тоа е дека со овој буџет ќе се обезбеди навремена реализација на сите плаќање од буџетот кон буџетските корисници, но и пошироко кон стопанските субјекти кон земјата како и кон граѓаните односно пензионерите, социјалните категории, субвенциите за земјоделците и сето она друго што се исплаќа од буџетот. На тој начин се покажа која концепција и кој концепт е поисправен дали оној на опозицијата или она позицијата. Имено, македонската економија продолжи со високи стапки на економски раст имајќи предвид какви времиња има во Европа продолжи со одржување со макроекономската стабилност пред се изразена во ниското ниво на јавен долг и тука ако се сеќавате имавме различни концепции, различни дискусии и јас подоцна и со бројки ќе ги елаборирам овие факти. Продолживме со процесот на подобрување на ликвидноста на стопанството преку навремена и редовна исплата на сите обврска на фирмите по основ на поврат на Данокот на додадена вредност и по основ на фактури што помогна македонското стопанство во првите 6 месеци да ги оствари овие ставки на раст. Продолживме сонавремена исплата на субвенциите кон земјоделците кои во овогодинешниот буџет беа позиционирани на 135 милиони евра, ги подигнавме пензиите и социјалната помош од март месец и реализаравме значаен износ на капитални инвестиции кои што овозможија градежнитштвото во Република Македонија да има двоцифрени ставки на раст. Тоа беа буџетските политики, тоа беа и политиките кои што ги промовиравме минатата година кога се носеше буџетот и кои што за жал не наидоа на разбирање кај опозицијата, но верувам дека сега после одредена временска дистанца јавноста пред се, веројатно не опозицијата, но јавноста може да разбере кој беше во право и чие сценарио се исполни. Дали се

исполни сценариото на банкрот на земјата, на грчкото сценарио, на неможност на исплата на пензионерите, за неплаќање на субвенции, за нереализација на капитални инвестиции, крах и се она што се заговараше од страна на македонската опозиција или пак се исполни другото сценарио за среќа на граѓаните и на стопанството во Република Македонија која што ја направи Македонија да биде земја меѓу четирите со најдобри економски остварувања во 2013 година во Европа.

Сега да почнам со ред. Во првата половина од годината како што кажав македонската економија оствари просечен раст од 3,4%. Тоа е ставка која е четврта највисока во Европа. Само Латвија, Труција и Исланд имаа повисоки стапки на економски раст. Значи од околу 28 веќе со Хрватска земји членки на Европска унија и некои земји кои што се кандидати како што е Турција и други, Македонија е на четврто место во Европа според висината на порастот на бруто домашниот производ во првите шест месеци во 2013 година и сметам дека тоа е извонредно остварување и благодарност до сите оние кои што го подржаа буџетот и овозможија да се реализираат овие резултати и секако до приватниот сектор кој што ја искористи шансата.

Истовремено сакам да кажам дека е позитивно што овој економски раст е на широка основа. Значи не се работи само за еден сектор да е двигател, туку повеќето сектори се опфатени во економскиот раст. Но секако има сектори кои што стојат подобро од другите, пред се тоа е градежништвото кое што има просечен раст од над 34% во првата поливина од годината, но добри остварувања имаат и индустријата, трговијата земјоделството. Зошто градежништвото го оствари овој раст. Тоа почитувани пратеници не се случајност. Тоа прашање на избор на нашите политики како Владата и на вас пратениците кои што ги подржавте тие политики. Тоа е резултат на политиките на континуирано зголемување на износот на капитални инвестиции во буџетот од година во година. Без тие капитални инвестиции, македонското градежнитво, македонската индустрија ќе беа во колапс како што се во колапс во многу европски земји. нема европска земја каде што градежништвото има стапки на раст во текот на криза, а уште помалку има европска земја во која што градежништвото има двоцифрени ставки на раст. Нашите 34% се највисоки во Европа и тоа е прашање на политика и прашање на избор кое што го направи Владата и јас сметам дека тоа е вистинскиот избор и затоа ќе го задржиме како политика и понатаму и во текот на 2014-2015 година.

Второ што е значајно исто така дека ако анализира расходната страна на буџетот ќе се види дека бруто инвестициите беа тие кои што го движеа растот, бруто инвестиции со 9,4% во првиот квартал и 7% во вториот квартал во годината. Растот на бруто инвестициите секако е рефлексија на растот на градежништвото и ре резултат на голем дел на реализираните проекти во јавниот сектор, но и на инвестициите во приватниот сектор. Пред се тука би ги спомнал инвестициите во слободните економски зони за кои што ќе зборувам подоцна. Токму тие бруто инвестициите, а не потрошувачката го движеа економскиот раст во првата половина од годината и во првите девет месеци и тоа е добра структура на раст односно добар квалитет на растот што дава надеж дека и понатаму ќе се продолжи со истата динамика. Значи имавме две генератори на економскиот раст и двата по избор и резултат на политиките на Владата и на буџетот на Република Македонија. тоа едното се капиталните инвестиции кои што од година во година се реализираме во поголем износ и второто е странските директни инвестиции кои што исто така се резултат на многубројните активности на Владата и во насока на одржување на добра бизнис клима за која што секако најголема потврда е најновниот извештај на Дуинг бизнис каде што Македонија е десетте најдобри реформатори во светот за измнатата година и е во земјите кои што во изминатите пет години најмногу се реформирале и е најдобра во регионот. Впроќем на позицијата на која што сме нема земја во регионот која што ни приближно е на исто место како Македонија. Значи и подобри сме од 19 земји од Европска унија. таа бизнис клима преточена преку ролшоуата или инвестициските форуми во светот помогне да се привлечат странски инвестиции и тие странски ивестиции во слободните зони денеска произведуваат 20% од македонскиот извоз и веќе Македонија не само извозник на руди или суровини земјоделски производи, туку е извозник и на катализатори на руди или суровини земјоделски производи, туку е извозник и на катализатори, на кондензатори, на

автомобилски седишта, на сето она што додава вредност во вкупниот извоз и што ја прави структурата на вкупниот извоз поповолна. Затоа почитувани пратеници, 22 години се дебатираше веќе стана реалност. Македонскиот извоз оди кон поквалитетна форми на извоз и врз основа на плановите што ги имаат овие компании за следниот период можеме да очекуваме дека ќе се освојат и нови пазари и ќе се создаваат и нови извори кои што имаат исто така висока технолошка вредност.

Во однос на останатите категории би сакал да истакнам дека овие резултати на компаниите во Македонија се одразија врз извозот и увозот секако, во долари изразено извозот во првите осум месеци за 2013 година забележа раст од 4,8% додека увозот се зголеми за 0,9%. Значи извозот расте повеќе од увозот што предизвика намалување на трговскиот дефицит за 5,4% во однос на истиот период лани.

Би сакал да истакнам дека сите овие позитивни движења во економијата се значајни заради тоа што преку нив се доаѓа до позитивни движења на пазарот на работна сила, односно кај невработеноста. Што се случуваше во првите шест месеци од оваа година на пазарот на пазарна сила и практично продолжување на трендот на намалување на невработеноста кој што е исто уникатен во Република Македонија во однос на она што се случува во Европа во текот на кризата. Во сите земји во Европа невработеноста како што знаете се зголеми и тоа драстично и тоа е двојно повисока во 2013 во однос на 2008 година. Во Република Македонија во последниве години имавме намалување на невработеноста како резултат на овие инвестиции како резултат на отварањето на нови фабрики и во зоните и надвор од зоните и на тој начин на крајот на вториот квартал односно во јуни 2012 година стапката на невработеност во Република Македонија достигна 28,8% историски најниско ниво во овие 22 години на самостојна Република Македонија. Во тие 22 години сме имале рекорди на обратна страна, во едно време не сакам да спомнам кое и како, сите знаеме стапката на невработеност беше околу 40%, денеска со пет години европска и светска криза од седумте години колку што Владата ја има можност да ја креира економската политика успеавме да ја спуштиме невработеноста прво под онаа психолошка граница од 30%, а еве веќе денеска сме на 28,8%. Дали е тоа крајната цел и дострел на оваа Влада би рекол не. Секако дека нашата цел невработеноста во Република Македонија да се спушти на ниво кое што можеби е отприлика нешто над просекот во Европа или пак просекот во Европа и тоа ниво секако не е ова сегашното, ние ќе настојуваме со добри политики како и досега и со верувам малку повеќе ветар во грб со помош од европската економија со постабилни склучувања во европската економија да ја спуштиме невработеноста дополнително и таа да не биде веќе толку изразен проблем во Република Македонија. Не постои мерка, политика или реформа на Владата што не е конечно како конечна цел ја нема намалувањето на невработеноста и по отворањето на работни места, отворањето на работни места како што се случи во Кавадарци во Дрексел Маер или во Битола во Кромберт и Шуберт или во Штип Џонсон Контролс или на било кое друго место каде што има отварање на работни места во изминативе неколку години. И, бидете уверени штом во вакви тешки времиња под услови на европска криза невидена во последните 100 години успеавме да ја намалиме невработеноста од почетнчите 38% во 2006, на 28,8% во 2013. Секако дека ќе можеме да ја сведеме и под 20% во некое догледно време ако барем малку европската економија се стабилизира, а сите знаци се дека европската економија постепено се стабилизира. Конечно од аспект на макро економските индикатори и стабилноста битно е и нивото на јавниот и државниот долг. Почитувани пратеници многу дебати се водеа околу долгот во ова Собрание, многу тешки зборови се изрекоа, многу катаклизмички сценарија се кажаа, многу споредби кои што не беа базирани на аргументи и на факти со соседна Грција и со многу други земји. На крајот бројките зборуваат за се. Бројките не одат во прилог на сите оние кои што ги искажаа тие зборови. Бројките и денеска покажуваат дека Македонија заклучно со ден денешен ако сакате со јуни со која сакате дата е ниско задолжена земја со околу 34% ниво на државен долг сме на четврто место во Европа најмалку задолжени. Тоа става точка на сите дебати од аспект на аргументација и од аспект на професионалност. Се друго во сверата на политиката секако е и можно и дозволено и ќе го има и понатаму но секој што ќе ги изрекува тие зборови и споредби треба да има предвид дека зборовите некогаш те девалвираат самиот

себе си ако не се базирани на аргументи и ако времето покаже дека не си бил во право. Еве ги бројките, фактите, графиконите и сето она што е зад нас со сите задолжувања, неодговорноста на оваа Влада и се она што беше изречено во вид на тешки зборови за начинот на работење на Владата се покажува дека едноставно не е така. 34% ниво на државен долг е четврта најниско ниво на долг во Европа. Би сакал сега во продолжение да кажам неколку збора за остварувањето на Буџетот во 2013 година. Почитувани пратеници, Буџетот во 2013 се реализираше токму онака како што на оваа собраниска говорница ви ветивме дека ќе се реализира. Прецизно како часовник се исплаќаа обврските и кон стопанството и кон пензионерите и кон граѓаните и кон сите оние кои што треба да добијат средства од Буџетот. Прво и основно ги исплативме сите обврски кон стопанството кои што беа заостанати на начин како што беше кажан, ветен, изнесен од Премиерот на Република Македонија во септември минатата година и заклучно со февруари до последен денар беа исплатени сите заостанати обврски. Вкупно 92 милиони евра завршија во македонските компании и тие 92 милиони евра помогнаа во голема мера да се ублажи проблемот на неликвидноста компаниите навреме да ги исплатат обврските по кредити кон банките и да продолжат со реализација на проекти. Сето тоа македонските компании и бизнисмени добро го знаат и колку и некој да се труди да им пренесе и да им создаде поинаква атмосвера се додека ние ги држиме даноците на ниско ниво непроменети, се додека ги плаќаме обврските тие ќе ја подржуваат Владата и ќе бидат зад оваа Влада.

Би сакал исто така да истакнам дека сите останати обврски од Буџетот беа реализирани согласно планираната динамика. Исплатата на субвенциите кон земјоделците течеше така како што е предвидено согласно контролите и пресметките што ги направи Агенцијата за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Министерството за финансии ја вршеше исплатата на налозите и тие се исплатени за сите земјоделски култури согласно предвидената динамика до овој период од годината. До крајот на годината секако ќе се реализираат и дополнителните плаќања што се предвидени за последните месеци од годината.

Во однос на исплатата кон најранливите категории секако и тоа течеше согласно предвидувањата и планираните проекции на Буџетот. Во март месец имавме покачување на пензиите од 5% и се исплатија во јануари-јуни индексацијата преку која што имаше дополнително зголемување на пензиите. Исплатата на социјалните категории течеше вообичаено а во исто време и исплатата на сите други обврски од Буџетот за кои што Собранието даде согласност. Би сакал да истакнам дека и позицијата на капитални расходи во изминатите месеци се реализираше подобро отколку во други години бидејќи инсистиравме да се реализираат капиталните проекти кои што се генератор на економскиот раст и во изминатиот период тие се реализираа во износ од 11 милијарди 985 милиони денари што е за 17% повисоко отколку истиот период од минатата година. Се разбира остануваат уште два месеци до крајот на годината во кој што очекуваме дополнително да се интензивираат активностите во некои проекти каде што има простор за тоа да се реализира изградбата и да продолжи изградбата на крупните капитални проекти како што е Коридорот 10 кој што повлече милиони евра во текот на 2013 година. Инвестициите во реконструкција и долг до изградба на железничката инфраструктура но и проектите за подобрување на инфраструктурата во образованието каде што се градеа училишта и се реконструираа училишта. Проектите за инфраструктурата во здравството каде што исто така се реконструираа болници и рурални амбуланти се изградија, спортските сали, игралиштата, водоводите, канализациите и сето она што во рамките на капиталните инвестиции беше значајно и за подршка на економската активност но пред се за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Како резултат и на приходната и расходната страна на Буџетот во првите месеци од годината на основа од досегашниот период остварен е дефицит на Буџетот во висина од 15 милијарди 843 милиони денари или 3,2% од бруто домашниот производ. Како што спомнав ваквото ниво на дефицит меѓу другото ја рефлектира и зголемената исплата на обврските кон стопанството уште во првиот квартал од годината и интензивираната динамика на исплата на останатите обврски и реализацијата на капиталните инвестиции. Од тие причини очекуваме до крајот на годината да се реализираат и останатите

предвидени расходи како и приходите и на тој начин да ја сведеме годината до крајот на проектираниот ниво на дефицит кој што со ребалансот се предлага да биде на 3,9%.

Дозволете сега во следните неколку минути да го образложам и самиот ребаланс односно измените што ги предлагаме.

Како што кажав главно економските движења во првите 8-9 месеци беа согалсно очекувањата и немаше потреба од крупна измена на ниту на економските политики ниту на таргетите иако и нашите очекувања се дека бруто домашниот производ ќе се реализира со повисока стапка од онаа што е проектирана, но вкупните движења во економијата и состојбите во европската економија се уште не даваат простор за релаксација и од тие причини е прудентно да речам да се оди со конзервативно сценарио и на приходна и на расходна страна. Во таа насока предложените измени на Буџетот за 2013 година се само на мал број на позиции и во ограничен обем. Значи се работи за мини ребаланс на Буџетот со кој што се корегираат само 2-3 позиции во рамките на илјадници позиции во Буџетот на Република Македонија. Имено, имаме минимална корекција во насока на реалокација на средства во рамки на постојната маса на плати меѓу буџетските корисници.

Второ, имаме обезбедување на дополнителни финансиски средства за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и,

Трето, дополнителни средства за опремување на лаборатории во високо образовните и научните установи. Вкупното ревидирање на иницијално планираните проекции на Буџетот на Република Македонија е милијарда 334 милиони денари и како што кажав на приходната страна тоа ги опфаќа освен проектираното ниво на приходи и приходите што буџетските корисници ги остваруваат на сопствени сметки по основ на донации, заеми и од само финансирачки активности.

Согласно член 34 од Законот за буџет, буџетските корисници што имаат буџет на донации, заеми или самофинансирачки активности во услови кога приходите се реализираат над планираниот износ може да достават барање за зголемување на планот на приходи и на одобрените средства. Во изминатите 9 месеци Министерството за финансии имаше одобрено проширување кај одделни буџетски корисници и би сакал да ги кажам.

Тоа се за проектите ремонт на железничката пруга Табановце-Куманово и Миравци-Смоквица 59 милиони денари.

За водоводи и канализации во општините 94 милиони денари. За одржлива енергија проект 25 милиони денари.

Проектите за електронска здравствена картичка Клинички центар Скопје и Клиничка болница Штип подготовка на проектната документација како и за обука на лекари во странство 230 милиони денари вкупно за сите овие проекти.

Реконструкција на основни и средни училишта финансирана со донација од Банката за развој при Совет на Европа и програмите на европската заедница во делот на образованието финансирани од ИПА фондови 246 милиони денари.

Програмите за доживотно учење и Млади во акција преку Националната агенција за европски национални програми и мобилност 122 милиони денари гранд од Европската комисија.

Проектот условени парични трансфери со кои што се обезбедуваат дополнителни средства за социјалните категории на населението кои што редовно ги праќаат своите деца на училиште 49 милиони денари.

Проект за изградба на станбени единици за лица баратели на азил донација од JIHACR (јуинхацеер) во износ од 33 милиони денари.

Проектот за реформа на Катастарот и регистрација на недвижностите со кои што се подобри регистрирањето на имотот во Република Македонија и Македонија е меѓу водечките земји во Европа и во светот според овој индикатор 81 милион денари дополнително беа одобрени.

Изградбата на патничкиот терминал на Блаце финансиран од Светска банка 22 милиони денари.

Како што гледате почитувани пратеници се работи исклучително за продуктивни проширувања за средства кои што се обезбедени и дополнително над приходот што бил планиран и за кои што овозможивме преку проширување на планот да се реализираат повеќе од поголем дел од проектите односно со поголема динамика од онаа што иницијално е планирана согласно одредбите од членот 34 од Законот за буџети.

Би сакал исто така да истакнам дека овие промени односно овие проширувања на сметките немаат никакво влијание врз буџетскиот дефицит имајќи предвид дека реализацијата на овие расходи што ја кажав е директно поврзана со зголемените приходи на сметките за донации и слично.

На расходната страна е извршено ревидирање на планираните расходи наменети за исплата на пензии, значи како категорија која што е највисока на расходната страна со ребалансот за милијарда и 34 милиони денари е зголемен трансферот кон пензискиот фонд кој што дополнителни средства се пред се резултат на потребата за обезбедување на пензии и за новите корисници и за зголемениот број на корисници што оствариле право на пензија во изминатите девет месеци. Би сакал само да ја кажам бројката од октомври 2012 кога го поднесовме Буџетот за 2013 во Собранието имаше 282 илјади и 600 пензионери во Република Македонија со последната цифра со последен датум бројот на пензионери е 289 илјади и 200 лица што значи за преку 6600 лица е зголемен бројот на пензионери во Република Македонија и тоа секако подразбира дополнителни средства за пензии за истите како и за повисокиот процент на индексација што беше реализиран во однос на она што беше планирано со Буџетот каде што како што кажав освен 5% зголемување на пензиите во март имавме индексација од 1,15% во јануари и 0,75% во јуни.

Конечно со ребалансот на буџетот се обезбедени дополнителни средства во износ од 430 милиони денари за современи лабораториски опреми за македонските универзитети и научни установи при што со овие средства ќе бидат реализирани набавката на опремата и исплатата кон економските оператори кои што ја снабдуваат таа опрема. Се на се со овие измени се планира буџетскиот дефицит да заврши со 3,9% од бруто домашниот производ а неговото финансирање како и редовното финансирање на обврските по основ на домашниот и надворешниот долг како и досега ќе биде обезбедено од домашни и од странски извори.

Би сакал да истакнам дека ликвидноста на Буџетот е на извонредно ниво. Тоа го покажува и редовната исплата на обврските и по основ на домашни обврски и по основ на странски обврски, а исто така и цената односно трошокот за обезбедување на тие ликвидни средства е историски најнизок во моментов со помалку од 4% се одвива каматна стапка и се одвива задолжувањето на државата на домашниот пазар кое што овозможи да се покријат дел од потребите а останатото беше секако реализација на странскиот пазар каде што излеговме со позајмица која што беше гарантирана од Светска банка. Но исто така би сакал да истакнам за сите оние кои што можеби ќе заборават кога ќе излезат на говорница да го кажат тоа зборувајќи за задолжувањето дека во истиов период ние и враќавме обврски кон странство. Само кон странство имаме вратено 205 милиони евра во текот на изминатите девет месеци и дополнително 26 милиони евра се вратени по основ на домашни структурни обврзници значи 231 милион евра Буџетот на Република Македонија исплати обврски и кон домашните и кон странските кредитори. Така да кога станува збор за задолжувања, едно, друго би замолил да се има предвид и враќањето на средствата во истиот период односно не само тоа колку државата позајмила туку колку Буџетот и државата вратиле.

Почитувани пратеници, се надевам дека врз основа на овие економски резултати што ги постигнавме не врз основа на голи фрази и врз основа на она што можете да го слушнете како аргументација за успехот на политиките во делот на економскиот раст и во делот на невработеноста како клучни параметри кои што ја мерат успешноста на економските политики на една Влада и на една држава. Фактот дека Република Македонија оствари четврт највисок економски раст во Европа, фактот дека Република Македонија е четврта најмалку задолжена земја во Европа, фактот дека невработеноста ја намаливме на историски најниско ниво ќе ни даде за право секако да дадете поддршка за Ребалансот на

буџетот за 2013 година, а очекувам во натамошната дебата во следниот период и за Буџетот за 2014 година.

На крајот да завршам без да кажам дека секако остануваат уште доста предизвици пред македонската економија, предизвикот дополнително да се забрза економскиот раст и да се намали невработеноста, но за тоа сепак ни е потребно малку постабилно опкружување во Европа и секако да останеме на позициите на добра бизнис клима и на ниски даноци она што не карактеризира како земја и како гарнитура што ги носи тие политики.

Македонија во не голем број на области е рангирана меѓу топ десет реформатори или меѓу најдобрите десет во светот или меѓу најдобрите 25 во светот. Добро е што тое е во економијата и во делот на бизнис климата, но тоа не значи дека не може да се направат и дополнителни напори.

Затоа очекувам заеднички со вас претставниците во Законодавниот дом да имаме здрава дебата по основ на политиките да дојдеме до најдобрите решенија за оваа земја и понатаму да ја задржиме макро економската стабилност, економскиот раст и да продолжиме со намалувањето на вработеноста бидејќи тоа е она за кое што се најмногу заинтересирани граѓаните на Република Македонија.

Врз тие основи очекувам да дадете поддршка на Ребалансот на буџетот за 2013 година и ви благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам и јас минисре.

Отварам општ претрес по дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година - второ читање.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес да се пријават за збор.

Благодарам заврши пријавувањето.

Молам да се подели листинг на пријавени пратеници за збор, со оглед на тоа дека има пријавено поголем број на пратеници за збор.

Прв пријавен за збор и има збор господинот Николов Марјанчо.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитувани граѓани, почитувани пратеници, почитуван министер,

Во вашето експозе не повикавте на демократска и фер дебата во Собранието за Ребалансот на Буџетот за 2013 година.

Само да ве потсетам, не и дозволивте на опозицијата на 24 декември за овој Буџет демократска атмосфера овде во Собранието да ви ги каже своите забелешки за Буџетот кој што го поднесовте тогаш во Собранието. Не исфрливте со помош на полицијата и нас пратениците и новинарите во галеријата. И денешното повикување на демократска дебата за Ребалансот на Буџетот за 2013 година го рачунам како задоцнето од ваша страна и ценам дека требаше да покажете повеќе демократски капацитет на 24 декември наместо да ги исфрлате пратениците од Собранието на Република Македонија.

За жал, и денеска Собранието на Република Македонија не може да се пофали со демократски амбиент повторно расправајќи овој пат за Ребалансот на Буџетот за 2013 година. Владеачкото мнозинство на почетокот на оваа седница не дозволи во Собранието да помине една демократска процедура на опозицијата, а тоа е да расправаме за одлуката за разрешување на претседателот на Собранието. Од што се плашите колеги, нели не повикувате на дебата, или не повикувате на дебата заради формалност пред јавноста, а суштински не ја сакате истата и бегате и си ги злоупотребувате гласовите, мнозинството што го имате во ова Собрание и не сакате да дебатирате за точки кои согласно Деловник, Закон и Устав на оваа држава опозицијата има право да ги поднесе. И затоа и оваа дебата за Ребалансот на Буџетот за 2013 година денеска се води во услови на дефицит на демократија во овој Парламентарен дом, а во секоја демократска држава Собранието е храм на демократијата и пратениците треба да имаат право слободно да говорат без некој да ги брка или исфрла од собраниската сала или да им симнува точки од дневниот ред и да не им дозволува да дебатираат овде во Собранието. Но, тоа ќе остане црно петно во

историјата на оваа држава и во историјата на овој Парламент. Вие ќе си го носите знакот дека сте биле недемократи и не сте дозволиле во ова Собрание дебата. Сте ја исфрлиле опозицијата и новинарите, а за Ребалансот на Буџетот повторно ја нарушивте демократијата и не дозволивте да се расправа по точка поднесена од пратениците од опозицијата. Но, ние сме овде заради граѓаните и ние колку и да се обидувате да не замолчите, колку и да се обидувате да ни го земете зборот во ова Собрание, ќе останеме тука и онолку колку што можеме и знаеме ќе ги браниме интересите на граѓаните на Република Македонија. Граѓаните тоа ќе го ценат и ќе знаат дека и покрај овие за жал дефицити на демократија опозицијата сепак ќе стои цврсто и ќе се брани и ќе ги брани граѓаните со моќта на говорот.

Што се однесува до самиот Ребаланс на Буџетот за 2013 година господине министре да зборуваме за Ребаланс на Буџетот за 2013 година вие повикавте на конструктивна дебата. Меѓутоа од о на што го кажавте и од она што фактички е реалност во Република Македонија испаѓа како вие да зборувате за една држава, а состојбата во Република Македонија и стандардот на граѓаните е сосема некоја друга држава. Ако луѓето после ова ваше излагање испаднат да отидат до продавница да купат еден основен артикл за живеење, ќе сфатат дека се што сте кажале овде во Собранието за жал во реалноста не се потврдува. Денеска после 8 години од вашето владеење сиромаштијата е прва во Република Македонија, Македонците имаат најниски плати, пензионерите имаат најниски пензии, граѓаните на Република Македонија се најнесреќни на  Балканот. Ако ова е успех на вашите политики, после потрошени 17 милијарди евра на граѓаните на Република Македонија јас мислам дека некој во оваа држава има грешка. Јас ја разбирам потребата на Владата со окупација на медиумскиот простор и со скапите реклами што ги снимате и ги пуштате на телевизија обидувајќи се на луѓето да им ја поматите свеста на здравото размислување дека има влијание кај одреден број на граѓани.

Но господине министер, колеги пратеници, живеачката денеска во Република Македонија е се потешка и потешка. Вие зборувате дека Владата е успешна во привлекувањето на странските инвестиции. Како тогаш да ве прашам сме на дното на Балканот по привлекување на странски инвестиции 105 милиони евра имате привлечено само оваа година странски инвестиции. Да ве потсетам рековте и минатата и оваа година ќе привлекувате годишно помеѓу 300 и 500 милиони евра странски инвестиции. Сакам да ве прашам каде се. Каде се 300-та милиони, 400 милиони, 500 милиони странски инвестиции. Се фалите овде со 100 милиони странски инвестиции последни сме на Балканот и во регионот. Босна, Косово, Србија, Албанија, Хрватска, Бугарија, сите имаат повисоко ниво на странски инвестиции од Република Македонија. Само нашата Влада почитувани граѓани, е задоволна со последното место во привлекување на странските инвестиции и тоа овде за домашна употреба.

Зборувате господине министер за намалување на невработеноста. Сакам да ве прашам, ако сте ја намалиле невработеноста претпоставувам мислите дека со тоа сте отвориле нови работни места, како приходите во Буџетот по основ на придонеси паѓаат. Оваа година планирате да соберете помалку 3,5 милиони евра од придонеси, а овде испаѓате на говорница пред македонската јавност и пратениците од Собранието зборувате Владата на намали невработеноста. Каде се вработени луѓево ако не се плаќаат придонеси и не се полни Буџетот на Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско. Кои се тие виртуелни вработувања во Република Македонија или математиката пиши бриши од Агенцијата за вработување фиктивно ја намалува невработеност од една страна, а од друга страна се поголем број на граѓани на Република Македонија си одат од оваа држава затоа што за жал не гледаат иднина и перспектива овде. 400 илјади граѓани на напуштиле Република Македонија. Ако вака продолжи состојбата со иселувањето колеги пратеници, ние веќе ќе немаме ни луѓе невработени. Сите ќе ни заминат во странство. Сите. Ако тоа ви е успехот во намалувањето на невработеноста, а не во отворањето на нови фабрики и тука ми е драго што сум опозиција и што сакам да ја кажам реалната слика во Република Македонија.

Господине министер, се фалите дека сте ги исплаќале навреме замислете пензиите, платите и социјалните придонеси. Кој е тој успех на еден буџет од 2,8 милијарди евра да се

фалите дека сте ги исплаќале пензиите навреме. Па за што има пари во Буџетот ако не за основните потреби и од кога е успех, замислете на најреформската Влада во Република Македонија како што самата се фали во последните 20 години дека навреме ги исплаќала пензиите и платите. Тоа нема врска со економската логика. Тоа е минимална обврска на државата по закон да исплаќа плати, пензии, социјални надоместоци. Кој е тој успех не можам да го разберам да ми објасните навреме сте исплаќале пензии. За мене е потценување на македонските граѓани да се фалите со такво успех. Никогаш немало во последните 10 години проблеми со исплаќање на плати, на пензии и на социјални надоместоци во Република Македонија. Се фалите дека сте го исплатиле долгот кон стопанството. А кој го направи долгот кон стопанството? Вашата Влада. Зошто не им плаќавте на фирмите за извршените работи повеќе од 3 години. Ги чекавте, им ги државте парите, дел од нив затворија, ги избркаа работниците дома, дел земаа кредити кои што не можат да ги вратат и сега велите Владата го врати долгот спрема стопанството. Па вие си го направивте, сега се фалите вие сте го вратиле. Ајде малку да зборуваме како го враќате долгот.

Почитувани граѓани, оваа Влада за 3 години 2012, 2013 и наредната 2014 ќе ја задолжи Република Македонија по основ на буџетски дефицит за нови 900 милиони евра.

Господине министер тоа се премногу пари кои што вие ќе им ги оставите на товар на идните генерации кои што ќе треба да ги враќаат овие средства. А парите за жал, не како што велите вие ги трошите продуктивно и за инвестиции во економијата. Ги трошите за реклами, ги трошите за фасади, ги трошите за непродуктивни трошоци. Сакам само да ве потсетам дека од кога вие сте на власт сте ја задолжиле Република Македонија од 2007 година до денеска за 1.257.000.000 евра нов долг. И сега три години сакате наредни по основ на буџетски дефицит да ја задолжите Република Македонија за нови 900 милиони евра. Сакам да ве прашам господине министер, дали со ребалансот мораше да го зголемувате буџетскиот дефицит. Дали не можевте да најдете во буџетот 24 милиони да скратите од вашите трошоци за овие фамозни роуд шоу. Колку чини едно роуд шоу. Дали не можевте да скратите 5 милиона од скапите реклами на Владата, дали не можевте да скратите пари од врбите во Вардар и мостовите кои што ги правите со 30 скулптури. Дали не можете да скратите средства од сите оние трошоци кои што се луксуз, за уживање на Владата на министрите, туку мораше тоа да го правите преку нови кредити за да може да го продлабочите дефицитот од 3,5 на 3,9. Да имаше домаќинска Влада, да имаше одговорна Влада, немаше да оди колеги пратеници со нови долгови. Со нов дефицит. Ќе скратеше од непродуктивните расходи 25 милиони и Македонија немаше да има нови долгови. Меѓутоа оваа Влада не е научена да штеди, таа сака да троши и тоа да троши сега на грбот на идните генерации кои што ќе треба да ги враќаат овие кредити.

На крајот сакам да ве предупредам господине министер, колеги пратеници бидејќи времето не дозволува поширока дебата за многу прашања и за ребалансот и од економските политики кои што ги води Владата само за уште една работа. Тоа е дефицитот во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Од кога оваа власт ја води Република Македонија дефицитот во Фондот за пензиско инвалидско осигурување се зголемил од 6% во 2008 на 22% во 2012 година. Денеска македонските пензионери не можат да земат пензии ако Владата секој први не се задолжил со хартија од вредност на берзата. Не може да земат пензии ако 38% од Буџетот не се дотираат средства до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се наоѓа пред колапс. Со ваквата политика на Владата сегашните пензионери ќе бидат доведени во опасност редовно да ги примаат пензиите, а идните пензионери прашање е ако продолжи оваа политика и дали ќе имаат пензиски фонд од каде што ќе примаат пензии. Јас знам дека ова се тешки зборови и дека секоја Влада се ќе направи да се избегне таквата ситуација. Но сакам да предупредам ова трупање на долгови во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ја загрозува иднината на сите пензионери во Република Македонија. Не може половина од пензиите во Република Македонија да се исплаќаат со пари од Буџетот. Владата се фали вработила луѓе, намалила невработеност, по тој основ треба да се зголеми приливот во Фондот во пензиско и инвалидско осигурување а ние гледаме дека тој

не само што не се зголемува туку се зголемува дефицитот, а се зголемуваат трансферите од Буџетот на Република Македонија.

Господине Ставрески, тоа е голема одговорност, тоа е прашање на кое не вие, не некоја идна влада и наредните 20 години владите во Република Македонија ќе се занимаваат. Вие направивте катастрофална грешка со вашиот проект за намалување на придонесите. Ја загрозивте иднината на пензионерите. Проектот не ви ги даде очекуваните резултати. Не се зголеми вработеноста по тој основ не се зголемија приливите во Фондот, едноставно Фондот за пензиско и инвалидско осигурување го доведовте во ситуација на колапс. И сега наредната година веќе го зголемувате трансферот за нови 30 милиони евра од Буџетот кон Фондот. До кога? До кога мислите дека ова е одржливо и постојано се обидувате да манипулирате со македонските пензионери дека многу ќе се грижеле за нив, а во суштина иднината која што им ја оставате или која што може да ги очекува, а која што никој не ја посакува е тешка и неизвесна и за нив меѓутоа она што е потешко и за идните пензионери. И затоа сакам да заклучам, овој ребаланс е непотребен. Да бевте домаќинска Влада немаше да го зголемите дефицитот. Да бевте домаќинска Влада ќе скратевте од вашата комоција и комоцијата на Владата и Македонија немаше да трупа нови долгови. Да бевте Влада која што навистина се грижи за граѓаните на Република Македонија немаше да го продлабочувате дефицитот во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Да бевте Влада која навистина сака да оваа држава продолжи да се развива ќе имавме поинаква структура на трошоците во Буџетот на Република Македонија. Вие сте на учени да бидете успешни ама со туѓи пари, пари кои што не се ваши. Односно да бидете успешни на кредит. Знаете како велат кој живее на кредит умира на рати. Вие денеска заради вашата власт трупате долгови, ја задолжувате Република Македонија и не го кажувате вистинскиот податок за јавниот долг и некоја идна влада ќе мора идните генерации на македонски граѓани да ги враќаат грешките од вашата политика. Република Македонија ја водите во неправилна насока. Не ви успеваат политиките. Тоа што се фалите дека сте четврта земја на Дуинг Бизнис, Топ-10 реформатори, најмалку задолжена земја е добро, меѓутоа господине министер тие политики треба да донесат до повеќе инвестиции, до повисок економски раст, до отворање на работни места, до зголемување на животниот стандард на македонскиот граѓанин. Од тоа нема ништо. Денеска е се потешко да се живее во Република Македонија. Луѓето не си одат на гости едни со други затоа што немаат. Се криjат дома од извршителите кои што секој ден им тропаат на врата. стандардот е урнисан во Република Македонија. Ако тоа е успех за овие 7 години мислам дека имаме голема разлика како власт и опозиција. И мислам дека ако продолжите вака за жал Република Македонија ќе и оставите само долгови кој што ќе треба некој да ги враќа, а на македонските граѓани ќе им оставите неизвесна иднина. Сакам да ве предупредам, ќе зборуваме и за Буџетот за 2014 година. Ајде направете буџет за граѓаните, не за вас, за Владата како да уживате повеќе. Направете нешто за граѓаните на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Министерот за финансии има реплика. Повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе.

Почитуван пратеник Николов, благодарам за вашата дискусија за ребалансот и за Буџетот на Република Македонија. Ќе почнам од она што не го кажавте и добро е тоа што во сегашнава атмосвера сфативте дека Македонија нема да крахира, значи зборот крах веќе не го спомнувате, банкрот на економијата што лани зборувавте не го спомнавте, Грција не дај Боже не ја ни помислувате, значи дојдовте до она што ви кажавме дека ќе се случи.

Вие дискутиравте дека странски инвестиции треба да се повеќе, невработеноста треба повеќе да ја намалите, долгот кон стопанството дали требало или не требало, Буџетскиот дефицит. Тоа е супер дискусија и јас ја поздравувам, само добро е што сфативте и вие, а верувам дека така ќе биде и со останатите пратеници на СДСМ дека немаше никаква аргументација а ни логика економска можеби само некаква политичка ама и таа е краткотрајна, но нема економска логика да се споменува крах, банкрот или слично и да ги плашите граѓаните со нешто што 7 години го повторувате и ни еднаш не се случи.

Сега да тргнеме по ред. Јас сакам секогаш да дебатирам кога наметнувате тема и излегувате со бројки и добро е што вие сте еден од ретките во СДСМ што излегувате со бројки во вашата дискусија и јас исто така ќе дебатирам со бројки и аргументи.

Како што кажавте, почнавте со тоа дека граѓаните се најсиромашни, имаат најниски плати и имаат најниски пензии. Сиромаштијата произлегува од невработеноста. Тоа го покажуваат теоријата и практиката и сите студии. Добро господине Николов, ако денес излегувате на говорница и со право велите дека треба да се подобри прашањето на сиромаштијата, односно да работиме на тоа и ние немаме разлика во тој дел.

Што сметате? Дали е поголема сиромаштијата и немаштијата кај граѓаните ако стапката на невработеност е 40% колку што беше  во ваше време или 28,8% колку што е денес? Или да преведам на друг јазик. Дали 112 илјади луѓе кои што во меѓувреме нашле работа за толку е зголемена вработеноста во Македонија,112 илјади лица. Дали сметате дека тие живеат посиромашно или подобро? Значи вие потпаѓате од една погрешна премиса, а таа е дека генерално сите луѓе живеат полошо од тоа што живееле, јас не можам да се согласам. Сиромаштијата е резултат на немањето на работно место и на перспектива. Дали е таа решена? Не е решена господине Николов. Но ако и вие креиравте во седумте години на вашето владенине 112 илјади нови работни места и ја намалевте за толку невработеноста ќе беше многу подобро за граѓаните за кои што вие денес се грижите. Вие не само што не креиравте 112 илјади работни места, туку изгубивте 200 илјади работни места. За 200 илјади ја зголемивте невработеноста во Македонија. Ете така креиравте сиромаштија! Тие луѓе што ги оставивте на улица и таа средна класа што ја уништивте, денес ви се враќа како бумеранг и вие дискутирате за тоа дека граѓаните живееле тешко.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Господине министер, економијата колку и да ја кажуваат вештина или теорија е егзактна наука. Ве прашав и говорам, ако сте ги зголемиле бројот на вработени, зошто ви паѓаат придонесите во Фондот за пензиско? Зошто се зголемува дефицитот? Па не може да имате вработување а да имате пад на придонесите! Тоа немате економска логика и теорија! И понатака, знам дека ве плаши тоа што СДСМ рече дека ќе ја враќа средната класа. Вас ви одговара граѓаните да бидат сиромашни. Лесно се обидувате да ги манипулирате и да ги купувате на избори за 500 или за 1000 денари! Ама тоа ќе се смени! Оваа држава мора да има јака средна класа која што ќе биде баланс на демократијата и тоа бидете убедени дека СДСМ ја поставил правилната дијагноза дека од повеќе сиромашни треба да имаме средна класа, а вие борете се пред граѓаните на Република Македонија да бидат што посиромашни. Ние не се согласуваме со таа политика.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Димовски Илија има збор, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Прво, не се согласувам со господинот Николов дека станува збор за дефицит на демократија во Парламентот, зошто ако е така единствен начин за враќање на демократијата во Парламентот се парламентарни избори. Тоа како опција секогаш стои како можност.

Втора работа, дефицит на демократија може да има само во постапувањето на СДСМ во кој што минатата година беше спремна да го блокира нормалното функционирање на државата само и само да предизвика хаос и да предизвика вонредни парламентарни избори од кои што подоцна храбро бегаше. Околу процедурата за претседателот Трајко Вељаноски, ние ги изложивме нашите аргументи во текот на утрината и кажавме дека практично со пет реда образложение во кое што немате никаква содржина, го потценувате Парламентот, не потценувате нас и ги потценувате граѓаните. Ако мислите дека со пет реда образложение може да се отвора дебата за било кое прашање во Собранието, тогаш навистина сте ја промашиле адресата.

Да се вратиме на содржината. Велите егзактна работа, велите во следните три години Република Македонија ќе се задолжи за 900 милиони евра. Дури и хипотетички да прифатиме дека е така врз база на дефицитот, но господине Николов вие свесно не кажувате дека во Република Македонија во следните три години ќе се раздолжи за 955 милиони. Тоа го има во фискалната стратегија и е многу прецизно наведено и го зборувавме пред неколку дена. Вие се согласивте! Сега ако мора да се смеете заради тоа што координатор ваш е тука на седница присутен, во ред, но вие се согласивте со тоа. 955 милиони евра Република Македонија ќе ги врати следните три години.

Втора работа господине Николов, бројот на вработените е факт. Од 570 илјади колку што бил 2006 кога ние ја превземавме одговорноста денес има 678.476 број на вработени лица. Не зборимe за невработеност, не зборимe за администрација, не зборимe за административни кратења. Збориме за број на вработени кои што ги има и во земјоделие, во новите фабрики ширум Македонија. Веројатно неколку илјади има вработено и во полиција, во други сегменти, но грото од нив се во стопанството. Тоа што се сомневате околу придонесите да ве потсетам дека за прв пат токму ова мнозинство донесе закони кои што и вие сами кажавте за намалување на придонесите. И сега многу помали придонеси се плаќаат. Дополнително кога ние велиме дека треба да има контрола, вие се буните и велите да нема контрола, да нема инспекции, да нема начин како државата да ги прибира приходите, да нема казни итн.

Прашувате дали било успех пензиите да се исплаќаат навреме? Господин Николов, во ваше време се намалија пензиите за 8%, се исплаќаа во три групи. И знаете ли што е успех? Во време на криза да ги покачите пензиите од близу 47%. Тоа е успех и затоа сме горди и затоа го спомнуваме редовно и ќе продолжиме да го спомнуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Марјанчо Николов има контра реплика.

**Марјанчо Николов:** Благодарам колега Димовски, рекламите немаат крај но тоа е. Граѓаните најдобро ја знаат реалноста.

За бројот на вработени во Велешкото биро за вработување пишува дека од 2007 година до 2013 година, не го знам последниот податок од 15.400 сега има 3.200 невработени. Ве повикувам утре, ги повикувам и медиумите заедно да тргнеме во Велес вие да не водите каде се вработиле 12 илјади Велешани бидејќи ги нема во Агенцијата за вработување. И јас ќе кажам дека од сега на сите избори треба ВМРО да победува. Еве во Велес. Ама кажете, ама дојдете во Велес и кажете 12 илјади каде сте ги вработиле. Ма немојте да манипулирате. Немојте сега... претседателе кажете им да не дофрлаат. Победувате на не фер начин колега. Со поткуп и притисоци. Ама да знаете тие дела не застаруваат. Да си бидеме на чисто.

И во однос на дефицитот, ќе ми дозволите претседателе, дефицит колега Димовски е нов долг без разлика колку сте зеле и колку сте вратиле, разликата е дефицит, нов долг. За три години е 900 милиона. Немојте да викате 900 ќе земете, а 950 ќе вратите. 950 ќе вратите, а ќе земете 1 милијарда и 800. 900 милиона е нов долг. Проверете ги на Веб страната на Министерството за финансии. Еве и заедно, ќе ви помогнам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Милошоски Антонијо има реплика, повелете.

**Антонио Милошоски :** Благодарам.

Почитуван колега Николов неколку работи на вашето излагање.

Прво наместо за Буџетот ни државте предавања за демократијата. За демократијата може да се одлучува на избори, дали таа постои или не постои, одлучуваат граѓаните. Тоа не е впечаток на една или друга пратеничка група или политичка партија.

Втората работа во однос на Буџетот. Вашата констатација денеска за разлика од пред една година е дека нешто не чини во овој Буџет. Пред една година вашата констатација беше дека овој Буџет не води во банкрот, овој Буџет не води во грчко сценарио. Сега

вашата констатација е дека нешто не чини што мислам дека е напредок во однос на вашите заклучоци кон буџетските политики.

Трето, прашувате до каде сме со странските инвестиции. Имате јасен податок и достапен дека во првите 7 месеци има 170 милиони евра странски инвестиции. Тоа е податок кој што е реален, конкретен и е многу поголем од било кој период од владеењето на СДСМ кога се работело на странски инвестиции. Дебатирате за виртуелни вработувања. Каде се односно каде е намален бројот за 28%. Очигледно овој податок е критичен за СДСМ затоа што никогаш во рамките на своето владеење не успеала да го намали бројот на невработените. Да ви помогнам со неколку податоци. 180 вработени во КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС американска инвестиција вредна 25 милиони долари, 450 вработени во ЏОНСОН МЕТИ британска инвестиција вредна 60 милиони евра, 250 вработувања во ВАН ХОЛ белгиска фирма со 20 милиони евра инвестиција, 1050 во моментот вработувања во ДРЕКСЛЕР МАЕР германска компанија во Кавадарци 20 милиони евра инвестиција. Во моментот има 800 вработувања во КРОМБЕРТ и ШУБЕРТ германска компанија во Битола која што планира исто така и во иднина да се зголемува и да го зголемува бројот на вработените. И она што слободно може да го проверите како податок, не во Република Македонија туку и во Европската инвестициона банка е дека Владата обезбеди кредитна линија од 250 милиони евра со поволна стапка од 5,5 % камата. Искористени се 222 милиони евра и отворени се со нив во малите и средни претпријатија 4800 работни места.

И на крајот бидејќи говорите за јавниот долг ќе ви дадам една кратка споредба. Македонија има 34% јавен долг, Србија има 58% јавен долг, Хрватска има 60% јавен долг, Словенија има 62% јавен долг и Грција има 169% јавен долг. Тоа е споредбено со успехот на Република Македонија во оваа европска криза.

**ТрајкоВељаноски:** Благодарам. Господин Николов Марјанчо има контра реплика.

**Марјанчо Николов:** Колега Антонио, вие сте студирале во демократија. Што мислите да се случеше да Христијанско-демократската унија ги исфрлеше социјал-демиократите при носење на Буџетот за 2013 година во германскиот Бундестаг? Што ќе се случеше? Тоа ќе беше чин на демократија? Навистина се обидувате овде нешто што навистина не сакате да го признаете, ама тоа историјата го верифицира и ќе го веерифицира. Најцрниот ден во Македонската демократија е 24 декември кога не исфрливте од Собранието. Не ни дадовте да дебатираме за Буџетот. Денес се фалите Буџетот бил успешен ама е донесен на начин со кој што нема демократија.

Што се однесува до невработеноста, еве ве повикувам и вас, бидете мој гостин во Велес да им покажеме на Велешани каде се вработиле 12 илјади вработени за овие 7 години, бидејќи за толку наводно се намалила невработеноста. Навистина имаме проблем. Никој не е против вработувања, но дајте да ги расчистиме работите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Бонева Силвана има реплика, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Благодарам на колегата Марјанчо Николовски кој што повторно не потсетува на 24 декември и жалам што Комисијата не си ја заврши работата за да не предупредат за настаните од 24-ти дека најмалку нешто што е исплатливо за било која политичка партија уште помалку за партија од опозицијата е да го блокираат Собранието на Република Македонија, физички да го напаѓаа претседателот на Собранието и физички и психички, буквално да ги напаѓаат пратениците, соите колеги, пратениците од парламентарното мнозинство, а потоа да плачат дека тие се тие на кои што не им е дадено да дебатираат за Буџетот за претходната година и дека биле исфрлени од собраниската сала. Нормално е дека ќе биде отстранет некој од собраниската говорница доколку се дрзне физички да го нападне претседателот на Собранието и да мава со се и сешто во собраниската сала без при тоа да води сметка за своите колеги. Но сетне, тоа да го оставиме настрана. Да се вратиме на обвинувањата кои што ги имавте за Буџетот, тоа го спомна и потпреседателот на Владата. Зборувавте за грчки сценарија, зборувавте за крах на економијата, зборувавте за енормни задолжувања, зборувавте дека нема да има можност граѓаните на Република Македонија да ја поминат годината. Сите ваши прогнози паднаа во вода. Се донесе

Буџетот на државата, се потврди дека може овој Буџет кој што го донесовме да издржи 6 илјади и 600 нови пензионери на кои што ќе им се исплатат пензиите и тоа зголемени пензии и на сите други пензионери за 5% повеќе во време на економска криза. Ќе се согласите дека како резултат на тоа многу граѓани во оваа земја имаат стабилност, а не како во ваше време кога немаше економска криза и кога велевте дека кога бродот ќе потоне ако им се исплатат скратените 8% на пензионерите. Значи само тоа споредете го. Банално е постојано да се враќаме на тој период, меѓутоа имајте го тоа во вид. Имајте го во вид и новите 112 илјади вработувања од 2006 година па до денес. Имајте го во вид и тоа што Република Македонија е четврта најмалку задолжена земја во Европа. Имајте го во вид дека сме прогласени за десетта земја, како топ реформатор, тоа значи дека се привлекуваат странски инвестиции во Република Македонија и дека сме погодна земја за доаѓање на странски инвестиции. Впрочем колегата Антонијо Милошоски прочита колку имаме реално вработувања во овие фирми кои што се дојдени во Република Македонија. Тоа е заслуга на една одговорна политика која што ја води парламентарното мнозинство. Ќе се согласите дека не бевте во право кога протестиравте и кога правевте циркуси овде во Собранието на Република Македонија при носење на Буџетот за претходната година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Господин Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колешка Бонева, вие на 24 декември седевте овде и мирно гледавте како не брка полицијата. Мирно седевте и гледавте. Дали е тоа демократија? Дали вие претставувате граѓани? Дали јас претставувам граѓани? Со моето исфрлање ги исфрливте и граѓаните од Парламентот. 360 илјади македонски граѓани ги исфрливте од Собрание. И тоа ли е демократија? Ама зошто не станавте овде и да речете стојте луѓе да запреме! Што сакавте? Да не исфрлите надвор да си донесете Буџет? За да можете повеќе да трошите? Што се однесува дека е добра живеачката, мислам дека премногу долго седиме во овие клупи и сте заборавиле каква е реалноста. Денеска е тешка живеачката. Скапотијата ги гори граѓаните на Република Македонија. 500-600 евра за нормална живеачка. Просечна плата од 350 евра. Што мислите како преживуваат граѓаните? Тоа ли е успешна политика на Владата?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Николовски Александар има реплика, повелете.

**Александар Николовски:** Претседателе благодарам.

Најпрво јас на претседателот на Комисијата за финансирање и Буџет, овој пат, бар за почеток би сакал да му честитам за достоинствениот дел од дебатата кој што го води сега, за разлика од пред нешто помалку од една година кога се беше само достоинствено не беше однесувањето и на Комисијата и на пратениците кои што овде беа од опозицијата. И мислам дека во еден ваков тон треба да дискутираме и за Буџетот за 2014 година и заеднички пред граѓаните да ги спротивставиме аргументите. По однос на аргументите за ребалансот на Буџетот, економијата како и Буџетот е жива материја. Ние имаме еден ребаланс овде денес кој што не носи никакви негативни работи за Република Македонија. Напротив, јас можам овде да се согласам со вас дека живеачката во Република Македонија е тешка, тоа е факт и секој кој што ќе каже дека не е така или не ја познава реалноста или лаже. Но во исто време во економијата се споредуваат реални работи и мора реално да ги споредуваме работите.

Значи сите ние претпоставувам дека би сакале за една година драстично да се променат работите, но тоа е невозможна работа. Но доколку се споредуваме, можеме да се споредуваме со претходните периоиди кога ВМРО ДПМНЕ не ја водело државата преку вашата политичка партија, или со земјите на опкружувањето. Можеме по двата параметри. По параметри кога ВМРО ДПМНЕ ја води државата и кога вие ја водевте државата 2006 година кога јас овде прв пат станав пратеник во Република Македонија имаше над 38% невработеност, денес има 28% невработеност. Во Република Македонија во 2006 година, кога јас станав пратеник, платите во администрацијата во просек беа некаде околу 16 до 17 илјади, со високо образование, денес се во просек околу 24 илјади денари. Кога јас овде прв пат станав пратеник, најниска пензија во Република Македонија беше 6 илјади денари,

денес е 9 илјади денари. Кога јас тука станав пратеник сицијална помош, беше околу 1100 денари, сега е над 2000 денари. Или ако сакате во проценти, од 2006 година до сега, овдека сега ќе зборувам и за следната година, континуирано во услови на светска економска криза, зголемуваме плати во администрација, во пензии, зголемуваме социјална помош и зголемуваме помош за ранливи категории. Кога јас станав пратеник децата без родители немаа никакви бенефиции, сега добиваат станови, добиваат вработување и добиваат останата помош од државата и уште повеќе. Кога јас станав пратеник во 2006 година, Република Македонија живееше полошо од една Грција од една Србија, од Хрватска итн. Денес Грција знаеме во каква состојба е, Србија зголемува ДДВ и останати даноци и кажува дека доколку тоа не се случи оди во тотален банкрот, а Хрватска го зголеми неколку кратно ДДВ-то во споредба со она што го имаше претходно.Така што бројките се јасни. Тие се немилосрдни и точно кажуваат кон каде одат тековите во македонската економија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колега Николовски во 2007 или 2008 велите пензијата била 5800, кубик дрва беше 1800 денари. Денеска е 2500 денари. Една вреќе брашно беше 500 денари, денеска е 1000 денари. Струјата се качи за 60%. Лебот од 15 на 25 денари и што мислите денеска е поарно. Вие ги кажувате само покачувањата на платите, не ги кажувате качувањата на цените на струја, на вода, на комуналии, на храма. Е, тука е, сиромаштијата кога вие не сакате или се обидувате да ја скриете од гртаѓаните на Република Македонија. 30% од граѓаните се сиромашни. И вас ве радува тоа. Било подобро од времето на СДСМ. Вие велите преродба. Па велите проширена и надградена. Па реформи. Па 8 милијарди инвестиции, па Македонија прва во Европа. Што имаат граѓаните денеска од сето тоа. Ај да прошетаме на Камениот мост да видите колку питачи има.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Илија Китановски има реплика, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега Марјанчо Николов, го почнавте своето излагање со зборовите недемократија, веројатно иницирани од тоа што ви беше одбиена одлуката што ви беше предложена за разрешување на претседателот на Собранието г-динот Трајко Вељаноски, и потоа реминистенции на враќање на настаните од 24 декември. Значи ако вие навистина сакавте да дискутирате или да барате разрешување на претседателот на Собранието Трајко Вељаноски, за тоа постои еден инструмент што се вика интерпелација за работата на претседателот на Собранието, тоа е вообичаен,инструмент, вие тоа не го направивте и не го поднесовте, поднесувајќи некаква одлука, која што знаевте дека нема да ви биде прифатена. Во суштина излегува дека вие и не сте сакале разрешување на претседателот на Собранието и не знам што ви беше целта и поентата со тоа.

Околу недемократијата и околу тоа што се случувало на 24 декември долго време во ова Собрание во интерес и на соработка, во интерес и на заедничките заклучоци, во интерес и на доброто на Република Македонија на демокра□тијатамолчевме, некогаш дури се чувствуваме како виновници за тие настани.

Вие колега Марјанчо Николов, вашите колеги овде на 24 декември физички се обидоа да го нападнат претседателот на Собранието додека ја вршеше својата работа и должност. Тоа е физички напад на службено лице, овде се качуваа на оваа говорница горе, овде вака се качуваа, фрлаа чаши, флаши итн. Тоа беше вашето однесување. Ако е тоа демократија, тогаш нека ви служи на чест.

Што е тоа што со факти вие во вашето излагање го кажавте за ребалансот на буџетот и за економската сосотојба во државата, а што е спротивно на она што го кажа министерот за финансии во неговото експозе.

Прво, дали невработеноста во државата е намалена на 28%, со истовремено зголемување на бројот на вработени. Значи потенцирам со истовремено зголемување на бројот на вработени. Ова го велам за една причина. За да престанете со тие финти дека вие ги

бришете луѓето од евиденција, санким, ова се предмети, ќе ги избришеме, па немаат право да се жалат итн. итн. Дали невработеноста е намалена на 28% или не. Кратко. Да или не. Дали Македонија е 4-та по ред земја со најмала задолженост во Европа. Да или не. Има бројки. Ама со зборови вие можете да речете не. Бројките презентирајте ги од сите земји во Европската унија и во Европа, и Македонија и ќе видите дали е 4-та или не. Дали Македонија иам 3,4% пораст на брутодомашниот производ. И со тоа е пак меѓу четирите најуспешни земји во Европа. Да или не. Со бројки не со зборови, со букви. Дали Македонија со буџетски дефицит од 3,2% е под Европскиот просек, а далеку по дефицитот на голем број на европски земји, да или не, со бројки, зборово. И уште една работ ашто ја кажавте. Каков е тој успех со сарказам, навреме да се исплаќаат плати и пензии.

Господине Марјанчо Николов, тој репер дека е успех да се навреме исплаќаат платите и пензиите го направија владите на СДСМ. Тие не успеваа навреме ни плати ни пензии да исплаќаат. И тоа стана репер за споредба.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колега Китановски, никогаш не било проблем исплаќањето на плати и пензии. Се исплаќаат. . .

(џагор во салата)

Претседателе не ме оставаат да дебатираме, сега не знам што е работава.

**Трајко Вељаноски:** Колеги ве молам да се сосллушаме. Повелете, повелете господине. Ве молам.

**Марјанчо Николов:** Се исплаќале пензиите во три групи. И, тоа било тешко затоа состојбата во Фондот била. . .меѓутоа, од кога се направи пресек и се стабилизира Фондот, никогаш немало доцнење ни на плати, ни на пензии од буџет. И затоа тој успех постои 15-20 години во Република Македонија. Вие се фалите за 8 години дека е најголем успех, што исплаќале плати и пензии. Па ај не исплатите една пензија и плата, па да видите што ќе ви се случи. Па тоа е нормално. Вие се фалите со исплаќање плати и пензии. И тоа не е добро да го кажувате, бидејќи граѓаните плаќале придонеси за да зимаат пензии. Плаќаат даноци за да зимаат плати. И што е сега успехот за ова ваше увидување сме исплаќале, плати и пензии, немојте толку да ги потценувате граѓаните. Навистина не се толку наивни колку што вие мислите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Господинот Александар Спасеноски има реплика, повелете.

**Александар Спасеноски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Еве во рамките на ова време што ни стои на располагање за реплика би сакал да укажам на неколку работи, на одредени нелогичности кои што се дел од говорот на колегата Марјанчо Николов, на самиот почеток би сакал да му се заблагодарам што ете придонесува за разлика од претходниот пат кога дебатиравме за буџетот во Република Македонија во овој случај да дебатираме да вкрстуваме аргументи и, врз основа на сето тоа граѓаните да го извлечат вистинскиот заклучок. Она што како константа и лани на комисиските расправи и оваа година на пленарната седница на комисиските расправи се забележува е зборот дефицит, кој што го употребувате за да означите неколку категории, прво во однос на вкупната кондиција на економијата и второ, во однос на демократијата. Вие практично објаснувајќи го второво значење во однос на дефицит потрошивте повеќе од 7 минути во вашиот говор, убедувајќи не нас дека има дефицит на демократија во Република Македонија, со што изгубивте нели важни 7 минути да укажете на одредени нелогичности и спротивставени мислења и ставови што ги имате околу економската политика на Владата на Република Македонија. И вие и јас знаеме дека секогаш кога се обидуваме со пола аргументи, со неаргументи, со задскриен популизам да шириме магла упатува на нашата неспремност или пак не немање на контра аргументи во однос на тоа како и каде се движи Република Македонија.

Јас уште сега можам да го предвидам вашиот говор дека ќе се обидете повторно да го сведете на одредена личност, на катастрофалното ниво на сиромаштија, на луѓето кои што просат на затворените фабрики итн., меѓутоа, тоа со ниту еден случај не го докажувате со определени аргументи и со определени бројки.

Во прилог на исто ова исто така дозволете да ве потсетам дека за разлика од оваа година, слично, одноно како и оваа година и лани го употребувавте повеќе зборови, еден од нив беше зборот од страв, второ беше грчко сценарио, трето беше банкрот, четврто беше целосна блокада итн. Лани, сите сеуште ги паметиме сеќавањата, не говорам за нешто друго туку за дискусиите на Комисијата за финансирање и буџет, меѓутоа еве гледаме 365 дена што се вика подоцна, ниту едно од вашите укажувања не се оствари во однос на Република Македонија, што упатува и е вистински сериозен аргумент, да заклкучиме дека и ова што сега го говорите нема да се оствари, релано не го мислите, меѓутоа на вкупната политичка борба тоа го кажувате. Меѓутоа дозволете ни и нас истото ова да го повторуваме колку е можно повеќе. Исто така би ви укажал на бројките кои што беа споменати. Тука, имам една листа на позначајни директни инвестиции во Република Македонија. Списокот завршува на бројката 30. Би можел секоја од нив поединечно да читам и да ви кажувам соодветно за обемот на инветицијата, за бројот на вработувањата. Меѓутоа заради времето, не можам тоа да го направам. Значи дозволете да не се согласам со вас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колега Спасеноски, ова е и треба да биде храмот на демократи. И вие мене да ми замерувате и да ми броите колку сум зборел за демократија, во храмот на демократија, е не знам за чии демократски капацитет зборувам и дали е тоа манипулирање со јавноста. Зошто денеска не сакавте да дебатираме за работата на претседателот на Собранието. Тоа ли е демократија. Имавте 62 гласа, ја симнавте точката од дневниот ред. Па ајде да ги соочиме аргументите. А, што се однесува до тоа, велите нема факти, не јас, меѓународни институции кажале, Македонците имаат најниски плати, имаат најниски пензии и се најнесреќни граѓани на Балканот. И за тоа голем дел од нив, бегаат од Република Македонија. А, тоа доволно зборува и за економските политики и за демократијата за жал. И ние се обидуваме овде со дебата да ви укажеме на дел од тие работи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Авировиќ Владанка има реплика, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Почитуван колега, сакам, бидејќи многу нападнавте, немаше сегмент од економските политики што не ги нападнавте, сакам да ми одговорите колку што е можно во вашиот домен, на следниве прашања. Дали ние како држава се наоѓаме во ек на најголемата светска криза, како економист и дали тоа има влијание врз македонската економија, тоа би сакал да го одговорите и во колкава мерка придонесува светскава криза врз нашата економија. Второ прашање, дали Република Македонија има меѓунајниски буџетски дефицити во  Европа, Ако не се сложуваме со министерот Ставрески, ако не се сложуваме со мнозинството, кажете ми вие како опозиција, еве тука е и колегата Игор Ивановски, ќе ви помогне, тогаш, ќе ве молам, дали се сложувате со ММФ кој што кажува дека Македонија добро се справува со кризата. Дека Република Македонија има еден од највисоките економски расти, дали се сложувате или не со, Светска банка која што ги искажа своите мислења, дека Македонија е една од ретките земји која што има најнизок дефицит. Дали се сложувате неодамна еве ќе ви прочитам, дека во соседството, ќе ја спомнам Република Србија, дека Министерството за финансии, ве молам, планира јавниот долг да го стабилизира до 2017 година, на 75% од БДП. Дали знаете колку се останатите дефицити во земјите, кои изнесуваат над 100%.

Потоа, би сакала да кажам дали вие еве како економист, задоволен од мерките кои што оваа Влада ги спроведе во текот на сите овие години. Бидејќи и Светска банка и меѓународниот монетарен фонд изразија позитивно мислење во однос на сите пакети на мерки кои што беа спроведени. Би сакала да ми кажете колку патишта локални беа

изградени. Би сакала да зборуваме, а тоа се повеќе од 300 километри локални патишта. Дали сте свесни дека во околината расте сиромаштијата почнувајќи од сите земји во регионот. Дали ќе кажете нешто за штедните влогови кои што постојано растат во Република Македонија и покрај кризата. Дали сакате да разговараме дека 50% од пензиите пораснаа во Република Македонија. И ред други прашања кои се надевам ќе најдат место во мојата дискусија во понатамошниот дел од оваа дебата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господининот Марјанчо Николов има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Народот вели: „Свој леб јаде, туѓо гајле бере“. Вие сега зборувавте за сите, само за Македонија не кажавте ниту еден податок.

Колешке Авировиќ дали е точно дека во Република Македонија се најниски платите од сите земји во регионот. Дали е точно дека се најниски пензиите од сите земји во регионот. Дали е точно дека во Република Македонија е најголема сиромаштијата од сите земји во регионот. Дали е точно дека најнесреќни се Македонците на Балканот. Дали е точно дека 400 илјади играѓани си отишле од Република Македонија за овие 10 години. И вие мене овде ме прашувате што ќе мислам. Што вие мислите. Па вие народот ве бираше да го водите, а не мене да ме прашувате.

Колешке Авировиќ со вакво однесување за жал граѓаните немаат корист од ваква власт. И се надевам дека брзо ќе го сфатат тоа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Последниот говорник за денеска пред да ја прекинеме седницата е господинот Гордан Ѓорѓиев, го замолувам министерот за финансии да влезе во салата за да прејдеме со работа.

Министерот за финансии да влезе во салата за да прејдеме со работа. Повелете министре.

**Гордан Ѓорѓиев:** Почитувани граѓани искрено министерот не е битен за ова што сакам да го кажам, бидејќи природата на мојата дебата за овој ребаланс на буџетот, не е возможно да добие квалификуван одговор од овој конкретно министер за финансии.

Ребаланс на буџет почитувани граѓани на Буџетот повторувам од 2013 година, донесен на 24 декември, 2012 година е добара прилика од овој ребаланс да се направи биланс, на сето она што се случуваше оваа измината година. Јас би рекол да се направи биланс, на генезата на злото, кое што и се случи на Република Македонија после 24 декември. Претпоставувам дека овој министер ќе се согласи и сака да употребува и теории и пракса и компаративни примери дека, дебата за буџет и дебата за ребаланс на буџет, ги сместувам во иста категорија или слична категорија парекселанс политичко прашање. Буџет за една држава, е крвотокот на државата. Буџет значи сите пари што доаѓаат од граѓаните и потоа ги реди и дистрибуира власта.

Буџет значи и полуги за разно разни типови на владеење од страна на власта, зависи од природата на власта каква е. Така беше последниот случај во САД каде што имаше високи тензии политички тензии, околу буџетот идеолошки и така е безмалку во секоја нормална држава. Кога зборуваме за нормални држави, нема нормална држава од 17 век па навака, во која што за време на донесување на буџет се случил упад на полициски сили во Собранието и насилно биле исфрлени пратеници и новинари. Тавко нешто не постои и вас ви е многу тоа јасно, сите до еден овде и очајнички се обидувате да влезете во дебата со нас на тема буџетот, стапките, дефицит итн и кој колку што градел. Црното петно на 24 декември каде што овој министер не беше дента министер за финансии, туку беше џелат на демократијата во Република Македонија, а овој човек позади мене беше слеп извршител на неговата или волјата на неговиот кум, кумашин, што и да е тоа веќе, остава колеги ненадоместливи штети и ова Собрание веќе никогаш нема да биде на исто ниво како што беше пред 24 декември. Мене ми е јасно дека вам ви е сето тоа јасно и дека и преку оваа дебата, квазиекономистичка на министерот се обидувате да го нивелирате, распуштите тонот за да се вратиме. Се утепавте од зборување во репликите, добро е што

се вративме на нормална дебата. Добро е што разговараме нормално. Нема нормална дебата за овој буџет и во ова Собрание, веќе не после 24 декември.

Цитат број 1. Овогодишен извештај на Европската комисија за Република Македонија.

Насилното отстранување, повторувам почитувани граѓани, ова е извештај на Европската комисија. Насилното отстранување на голем број опозициски пратеници и новинари од собраниската сала на 24 декември, за време на донесување на буџетот за 2013 година, денеска зборуваме за ребаланс на буџетот 2013 година, за истиот тој инкриминиран буџет под контроверзни околности предизвика политичка криза што разоткри големи поделби помеѓу политичките партии и влијаеше на функционирањето на Собранието. Потпис на ова се Ставревски, Груевски и човекот позади мене, како главни дискриминатори, извршители на пучот што се случи во Собранието на Република Македонија.

Почитувани граѓани да не глумиме нормалност. Во ова Собрание, преска колегата Марјанчо Николов каже дека треба да биде храм на демократијата. Нам ни е совршено јасно, да немате илузии дека било кога со овој човек позади мене и со ваква структура на Парламент од оваа средна и десна страна, дека ова Собрание било кога ќе може да воспостави нормална комуникација или да стане храм, или да стане повторно храм на демократијата. Тоа ќе може да се случи само во некои нормални ситуации, кога друг човек ќе седи позади и кога ќе има друго мнозинство. Можеби звучи смешно, можеби звучи интересно, но тоа е болната вистина за Република Македонија.

Почитувани граѓани, во Македонија денеска се зборува за ребаланс на буџетот. Во Македонија на 24 декември се донесе Буџетот на насилен начин со исфрлање на пратениците, нас и на новинарите од горната галерија. Со тоа  и официјално Македонија го доживеа климаксот кој што ја вбројува помеѓу не демократските држави. Сакате авторитарни држави, сакате и либерални општества, како сакате земете го. Сега ќе го аргументирам тоа што сите го знаат, што некој го кажува во некаква завиена форма, како овој изваштај на Европската комисија, не го кажува поотворено, јас го кажувам бритко како меч.

Цитат број 2. Истиот извештај, во флоскули кажувам, но доволно брутално, и покрај остврениот напрадок во законодавството, во областа на слободата на слободата на изразување, репутацијата на државата во однос на слободата на медиумите, продолжи да се влошува и на домашно и на меѓународно ниво. Довербата помеѓу пратставниците на власта и медиумите беше сериозно нарушена со настаните на 24 декември 2012 година. Денеска зборуваме за истиот тој буџет, или за ребаланс на истиот тој буџет каде што ситуацијата помеѓу медиумите и власта се влоши и е нарушена довербата. Винмавајте тоа се случува. Овој извештај пред затворот и притворот на Кежаровски и пред донесувањето очигледно на Законот за медиуми кој што Милошоски се обидуваше да ги негира неколку пати, па ќе видиме времето ќе покаже дали ќе бидеме демантирани. И, овој дел на извештајот се случува пред изјавата на претседателот на Здружени на новинари на Македонија Насер Селмани, пред недела, две, каде што кажа дека Македонија е авторитарна држава. Нормален човек, нормален граѓанин не е човек од вас кој се обидува да го легитимира режимот, нема да може да замижи пред изјава на официјален претседател на Здружение на новинари на Република Македонија каде што кажува експлицитно дека Македонија стана авторитарна држава. Крај. Завршена е приказната. Многу добро знаете дека држава во која што нема слободни медиуми, нема слобода, нема демократија и од тука нема ни нормална дебата за парите, нема нормална дебата за текот и дистрибуцијата на парите, нема нормална дебата за корупција. Секој обид за дебатирање на таа тема, ако е доволно убедлив, ако е доволно приемчив за граѓаните може да заврши како што завршија пратениците на опозицијата на 24 декември.

Зошто Македонија е недемократска држава? И да не глумиме нормалност колеги. Во Македонија имаме тотална контрола преку истиот овој Буџет и не само оваа година, туку од 2006 година па наваму, тотална контрола на парите и редистрибуција, волонтаристичка дистрибуција од страна на Груевски и Ставрески и никаква можност за контрола заради принципот на ма.....која што го воспоставивте од страна на

опозицијата. Кога опозицијата се обиде да го контролира истиот овој буџет, со рачето мавтаа некои луѓе, некои други сликаа, некои се обидуваа да ги земат мобилните телефони,кога не исфрлаа нас со специјални полициски сили. Многу од вас аплаудиравте и сеуште седите и ме гледате во лице. Тоа е дебатата вистинска за буџетот, колега Димовски, бидејќи гледам дека дофрлате.

Македонија не е демократска држава, почитувни граѓани, бидејќи во 2013 година Македонија е држава на политичка репресија каде што не се почитува префунцијата на невиност, е држава каде што судот е сраснат со Владата. Судиите одат на баци рака кај Никола Груевски и тоа го знае и мало дете во оваа држава. Нема демократија без поделба на власта, нема демократија без големо судство, без силно независно судство. Македонија во 2013 година после овој 24 декември каде што не исфрлија е држава на политички затвореници. Ситуација без преседан и немојте да зборуваате за грчки сценарија.Ние сме веќе влезени во Белоруско сценарио, да немаме дилеми. Кој има дилема дека Македонија влегува во сериозно Белоруско сценарио или ја манипулира јавноста или ја има мувата на капата или не знае што зборува. Јас не знам во која категорија, вие колеги кои што реплицирате и одговарате на темата од 24 декември, се сместувате, но нека се пронајде секој кај што мислите.

Македонија е држава каде што на некој начин се пресоздава историјата каде што во ниеден буџет не видовме каде се 500-те милиони евра за Скопје 2014 година. Личниот, персоналниот проект на Никола Груевски.Патолошката измама и патриотскиот грабеж на 21 век во Република Македонија и тек ќе се отвара тоа и вие тоа многу добро го знаете и тие што треба да го знаат, многу добро го знаат, дека кога тогаш тоа прашање ќе се отвори.Како да разговараме на тема буџет или на некаков си ребаланс на буџетот кога 500 милиони евра, Скопје 2014 година не ги гледа во ставки, не ги гледаме анексите, не ни се прегледни, а кога ќе побараме нешто што е како велите, храм на демократијата, последното средство е да бидеме избркаме на сила од ова Собрание и после да глумиме лудило дека е некаква дебата, дијалог воспоставуваме итн. Не ја бива таа работа. Нема да успее. Можеме колку сакате да седнеме под разни притисоци, од разни страни на заедничка маса, ние веќе немаме комуникација со вас. Немаме тема за разговор.Едноставно сме два други света. Да. Убав е аргументот да одиме на парламентарни избори.Ако се согласите со овие аргументи што ги кажувам, а се неминовни, се брутални, сечат како шило, ќе сватите дека во ваква консталација, во ваква недемократија, ваков авторитарен систем каде што се дрзнува некој да мавта со раката и да донесе овде 60, 100 полицајци, за какви избори зборуваме?Кој може реално да се надева дека ќе има фер и слободни избори.Во услови на авторитарен режим, почитувани граѓани нема дебата за буџет, нема никаква дебата. Денешниот пример, овој театар, оваа мимикрија што ја правеше Илија Димовски со човекот позади, го покажа тоа, апсолутно го покажа тоа дека вие не сакате дебата, дека веќе сте влезени во една хистерична ситуација каде што мислите дека се може да помине само со 62 пратеници.

Популизмот, минстере Ставревски е скапа работа и вие го знате тоа. Скапа работа е особено кога немате нафта и  дијаманти.На Хуго Чавес полесно му беше да биде популист, бидејќи имаше милијарди, милијарди долари од нафта. На Никола Груевски малиот популист од ридестиот балкан му е многу потешко и јас знам дека тој мора да се храни со задолжување, дека мора тоа чудовиште, што значи и јавна администрација скапа, скапи монументални патолошки проекти како Скопје 2014 година, мора да се хранат со пари или на начин кога ќе се стават под чизма граѓаните на Република Македонија или кога ќе се натепаат пратениците на опозицијата во Собранието Република Македонија или со задолжување. Вие фала богу, ја имате целата лепеза на располагање и ги користите сите овие методи или алатки за замолчување на било каква критичка мисла.

Конечно и да заклучам тука, бидејќи апсолутно не мислам дека можеме на квалификуван начин да разговараме за било каков ребаланс на буџетот, особено на ребаланс на буџетот за 2012 година кој што беше донесен на 24 декември.

Министерот Ставревски, за жал нема да биде запамтен во Македонија по економскиот раст. Чинам дека 2006 година најави дека ветува економски раст од 6%. Министерот Ставревски покрај тоа што ќе биде запамтен со економските гафови, со ниедна точна проекција околу било кој економски раст, било да се работело за буџет или ребаланс на буџетот, за жал ќе биде запамтен по 24 декември.Ќе биде запамтен по неверојатната алчна потреба за пари пред избори, негова и на кумот или кумашинот сега ги мешам, како е, ќе биде запамтен по осветничкиот порив да се освети на овие пратеници кои што сакаа на демократски начин да го спречат овој буџет и да дадат свој амандман преку дебата, ќе биде запамтен како соучесник на човекот позади мене кои што беше извршител на погребот на демократијата во Република Македонија од 2014 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодрам. Благодарам за дебатата.

Господинот Александар Николоски има реплика и ќе продолжиме после 19,00 часот до завршувањето со репликантите и тука ќе прекинеме.

Господинот Николоски Александар има реплика, повелете.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Јас со сета почит кон господинот Георгиевски, јас ќе го прифатам стилот на дебата кој што го наметна, да не говориме за економските параметри и за буџетот, туку да говориме за некои политичи прашања и сакам директно да одговорам на делот од тезите кои што беа кажани.

Прво. Мислам дека никој во ова Собрание и од овие пратеници не мисли дека она што се случи на 24 декември е добро и не мислам дека тоа го поздравувал или аплаудирал на таа работа, но мора да сме чесни зошто се случи таа работа. Имено, вие бевте потпретседател на Социјалдемократскиот сојуз и на Бранко Црвенковски кој што се обиде на тој начин да искреира политичка криза во Република Македонија и да дојде на власт и граѓаните тоа го знаат, но еве да повториме и да се потсетиме. Во Република Македонија имавме обид за рушење на институции и за државен удар или куд деттат. Зошто тоа баше така? Тоа беше така заради тоа што се направи обид да се блокира основното функционирање на државата преку блокирање на буџетот. Доколу не се усвои буџет, се знае дека се оди на времено финанисрање кое што трае само три месеци и после тоа се знае во каква ситуација влегува кризата. Во исто време во тек на месецот јануари имаше обврски кои што Република Македонија требаше да ги исполни, а кои што без донесен буџет со времено финансирање не можеа да се реализираат, што ќе значеше силен удар врз кредитниот рејтинг на Република Македонија.

Дополнително на тоа, самите настани кои што се случуваа  пред и за време на 24 декември беа обид да се внесе Република Македонија во едно крајно непријатно сценарио од кое што изелот веројатно немаше да се гледа за брзо време и сето тоа резултираше со ваше барање за комплетен бојкот на институциите на Република Македонија и комплетно игнорирање, односно бојкотирање на локалните избори 2013 година.

Би сакал да потсетам на говорот на Бранко Црвенковски при напуштањето на лидерската позиција на СДСМ кој јасно кажа: „Сега тоа е месец април, да ме послушавте мене и да го бојкотиравме Собранието и локалните избори до крај, ќе бевме во кампања за следни парламентарни избори или најмалце тоа ќе се случеше во септември оваа година.Значи, јасна била намерата и јасен бил начинот на кој што тоа сакаа да се оствари.

За нападот врз Претседателот на Собранието кој што е невиден во било кој сличен Европски парламнет, она што се случи во Македонскиот не сакам ни да зборувам и се надевам дека никогаш понатака нема да се повтори, но на крајот да бидеме јасни, целата таа политика отиде да се легитимира на избори.Имавме локални избори, завршија 58 4 во градоначалници, или 440 000 гласа помалце од 300 000 гласа. Граѓаните кажаа што сакаат, вие самите баравте предвремени избори во текот на периодот пред локалните избори. Ние ги понудивме во септември месец, вие ги одбивте. Што значи дека ситуацијата е чиста и јасна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Гордан Георгиев има контра реплика, повелете.

**Гордан Георгиев:** Почитувани граѓани, колегата Александар се обидува со стандардните паушални изговори или аргументи на ДПМНЕ што ги слушаме изминатата година дена, да полемилизира со мене. Мислам дека не ви е во ред таа амбиција, бидејќи ако сте сериозен во ова што го кажавте, ќе треба да знаете дека ако имаше обид за државен удар, овој човек тука, овој човек тука и тој таму што седи во Владата немаше да пропушти шанса сите да не пикнат во затвор. Немаше да пропуштат, бидејќи не пропуштија шанса да не тепаат тука. Не пропуштија шанса да не тепаат. Тоа е апсолутно глупава теза. Втората теза предвремени избори, или какви биле изборите, легитимацијата на авторитарниот режим на избори да не ве потсетувам за Лукашенко, Милошевиќ итн.Немојте со мене да ми докажувате аргуменот дека оваа власт добива доверба од народот. Бај д веј, да потсетам дека изборите сеуште траат. Апсењето на Шиповиќ, сега и сето она што се случуваше во Центар покажува дека за Никола Гуревски изборите сеуште траат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Илија Димовски има реплика, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Многу жалам што целот говор на колегата Георгиев беше полн со навреди и дисквалификации за колеги пратеници, за колеги кои што работат во Владата и во целиот говор немаше ниту една бројка, а дискутираме за ребаланс, освен неговата претпоставка колку чинел проектот Скопје 2014 година, но тоа говори за спремноста на СДСМ да учествува релевантно во дебата, да барате дебата треба да се држите до темата на дебатата. Сите овие дискусии за демократија, за медиуми итн, има простори има време ќе ги дискутираме на телевизија, тука итн, но навредите кои што ги искажувате зборуваат многу повеќе за внатрешната состојба во која што се наоѓа СДСМ.Значи, вие не можете да ја прифатите реалноста дека во оваа држава друг одлучува, граѓаните одлучуваат, не одлучува таа квази елита собрана на бивша Ленинова и бивша Биќачка. Завршија тие времиња господине Гордан Георгиев. тука ни велите ние немаме што повеќе да зборуваме со вас или немаме што со вас да зборуваме. Вие би биле најсреќни да не постои ВМРО ДПМНЕ, тоа е јасно. Вашите идеолошки претходници буквално физички се труделе тоа да го направат.

Господине Георгиев, вие велите немало Парламент каде што полиција исфрлила пратеници. Кажете ми еден Парламент каде што се случило во последните 50 години пратеници да нападнат претседател на Собрание, физички, брутално да рипаат тука. Се сеќавате на снимките, сакате да ви ги бројам колегите еден по еден. Да ви кажам кој стоеше овде, кој рипаше врз ова, кој кршеше, кој го удри претседателот на Собрание, двајца, сакате по име да ви ги кажувам. Кој аплаудираше на тоа? кој се закануваше дека се ќе горело. Сакате тоа да ви го кажам? Ми давате споредба со Америка. Знаете што ќе им се случи на 5, 10, 50 луѓе ако се обидат во американскиот Сенат или во американскиот Конгрес да го направат тоа, или во германскиот Парламент, или за слоупотребувате политичката позиција на пратеници и на политички функционери па си дозволувате да правите сценарија на бојкот на државата, на непочитување на институции, на блокирање на државата само со една цел, да се вратите на власт. Е господине Георгиев помина времето кога квази елитата одлучуваше за тоа. Сега е време кога граѓаните одлучуваат за тоа. тоа што немате креативност, тоа што немате идеи, тоа што немате проекти, тоа што луѓето не ви веруваат, тоа што во минатите 20 години и зграбивте и уништивте се што можете да изградите и уништите е ваш проблем. Немојте тој ваш проблем да го наметнувате на целата држава и на сите останати. Ако мислите дека вашите партиски фрустрации се доволна причина да ја држите цела Република Македонија под заложнитво, да ви биде јасно никогаш нема да ви го дозволиме тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Георгиев Гордан има контра реплика, повелете.

**Гордан Георгиев**: Ајде малку да повториме што кажав, не дека нешто се подобри ситуацијата. Да, тешка е состојбата и јас не сум воопшто среќен како граѓанин на Република Македонија, не како пратеник со ова што и се случува на нашата држава. Ние можеме со паушалности до 12 вечер да се надмудруваме кој кого удрил, кој кого натепал. Ова што се случи на 24 декември колеги беше страшно за сите нас. сега вие кога ќе се обидувате тука на говорница да го легитимирате тој чин, да го правдате кажуваше за вас што е уште пострашно за вас. Да се обидеме, барем со мене тоа нема да успее, вие тоа го знаете, да ми зборувате за бројки. Јас ви кажав во оваа држава по сите клучни параметри, а тоа се медиуми, состојба на судство, демократија општо, функционирање на Собрание нема демократија. Кога нема демократија нема дебата, кога нема демократија сето што може да се смести во една нормална регуларна демократска дебата е суспендирано.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Стевананџија Димитар има реплика, повелете.

**Димитар Стевананџија**: Благодарам почитуван претседателе.

Искрено сум изненаден и вчудоневиден што вториот дискутант од опозицијата по однос на оваа важна точка неуспеа да говори ниту 14 минути и во тој сиромашен говор од 14 минути не истакна ниту еден аргумент. Се надевам дека тој господинот иако по промената на имиџот е истиот господин кој што на 4 јули 2012 година дал еден прилог дека ако изгубиме догодина не само Црвенковски туку целото раководство ќе понесе одговорност и ве молам колега Георгиев побрзо понесете ја одговорноста затоа што навистина е несфатливо на човек кој што е избран на реални избори и станал пратеник во Република Македонија својата држава да ја нарекува ненормална држава. Несфатливо за пратеник во Република Македонија па и во било која европска земја. Навистина можам да сфатам дека во некои сегменти сме наликувале на ненормална држава, но тоа е благодарение на опозицијата. Значи ненормално е во Парламентот на пратениците да им се дистрибуира алкохол, ненормално е со лампиони да се гаѓа обезбедувањето, ненормално и е да им се колнат децата и фамилии, ненормално е опозицијата да проба да го тепа обезбедувањето. Но нормално е за сериозна Влада да се потруди да ги зголеми платите, да ги зголеми пензиите, социјалните надоместоци. Нормална е онаа држава во која Владата се потрудила во претходните години да донесе преку 30 странски гринфилд инвестиции, да не ги отпушта административците како што е случајот со сите околни држави и да озвоможи да можат луѓето да егзистираат онолку колку што дозволуваат економските прилики. Колега Георгиев во најмала рака очекувам да се извините за овие квалификации бидејќи верувајте дека живееме во нормална држава. Ако била ненормална државата немаше ниту вие да бидете овдека пратеник. Благодарам.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Георгиев Гордан има контра реплика, повелете.

**Гордан Георгиев**: Може да се подготви следниот репликант.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Госпоѓа Лилјана Кузмановска има реплика, повелете.

**Лилјана Кузмановска**: Благодарам почитуван претседателе.

Јас обично реплицирам на говори поврзани од областа на економијата и на бројки, меѓутоа она што говорот односно дискусијата на овој колега ме поттикна за да станам и да реплицирам е тоа што почитуваниот навистина ја измести темата. Значи да не може да знае што е суштината на оваа точка односно дека носиме ребаланс или не знае што е ребаланс, извинете почитуван колега или толку многу бледа дискусија даде за случувањата н а 24 декември. Значи почитуван колега во демократско општество, во една демократска држава, во нормална држава во текот на годината се носи ребаланс и јас можам со задоволство да кажам дека Владата односно Министерството успеало прецизно во сите сегменти планирани бројки да донесе ребаланс само во две програми, односно и во делот каде што значи подмирување на пензиите, платите за 6600 пензионери и во делот на опремата за лабораториите. Значи имаме зголемување на буџетскиот дефицит од 3,9%, меѓутоа наменски во две категории, а сите други стави остануваат исти.

Почитуван колега, навистина вие сакавте да го допрете делот што значи ребаланс на буџет, меѓутоа само по зборот буџет во никој друг сегмент. Не она што значи во првиот дел од годината, раст од 3,4% на економијата. Она што значи раст на градежништвото за 36%, раст на извозот, странски директни инвестиции за 130 милиони евра што се за 41% повисоки од ланската година. Сето ова да го дефокусирате затоа што не се донел буџетот и вие сте биле на некаков начин угнетени, не знам каков збор за употребам. Почитуван колега го донесовме буџетот во една атмосфера во која ние како политичко мнозинство испаднавме многу мудри. Ние го подметнавме грбот, ние истрпивме сите навреди, сите колнења за нашите деца. Јас како член на Комисијата за финансирање и буџет знам што истрпив, сите навреди и она што значеше дефекусирање на амандман кој требаше да се однесува на автобуси во една општина, да се  говори три дена се и сешто, а не пна што значи стрикно наведено. И почитуван колега на неколку наврати кажавте да не глумиме нормалност. Ние почитуван колега, сме нормални. Ние сето тоа го истрпивме во интерес на носење на еден буџет кој ќе значи стабилност и ова се покажа во текот на оваа година и развој на економијата и продолжување на градење на училишта, на градинки, се што значи стабилност на сите граѓани.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Георгиев Гордан има контра реплика, повелете.

**Гордан Георгиев**: Почитуван граѓани, ова беше многу чудна реплика на колешката во која таа изразува задоволства од  ребалансот, од некакви бројки и импутира дека сум бил надвор од темата. Ова срцевината на темата за ребаланс  на буџетот и за буџетот, ова суштината на темата. Знаете перверзен е аргументот да го кажете абе вие нас не пцуевте, ама ние потоа со задоволство го донесовме буџетот и ве истепавме. Многу перверзен аргумент е тој  и мене тоа ми укажува дека имаме сериозен јаз во гледањето на стварноста. Мене тоа ми укажува дека навистина се работи за два други света бидејќи колешке изгледавте автентично на ова што го кажувате дека навистина го кажувате, ај другиве овие што се повештиве младиве знаат да манипулираат, лажат отворено. Вие изгледавте можеби пострашно, автентична и задоволна.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Милошоски Антонијо има реплика, повелете.

**Антонијо Милошоски**: Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега Георгиев, денеска слушнавме во вашиот говор што е политичка репресија, што е пресункција на невиност, авторитарен режим, политички затвореници, Собрание без легитимитет, и земја без демократија. Сето ова го слушнавме на седница на која што тема е буџетот и ребаланс на буџетот. Зошто немавме обраќање за ребалансот на буџетот. затоа што минатата година се предвидуваше дека со овој буџет ќе имаме грчко сценарио, дека ќе имаме банкротирана држава или можеби како што беше во времето на СДСМ да го потсетам  и колегата Николов дека на вести ќе се кажува дека првата категорија на пензионери ќе ги добие пензиите на 15 овој месец, втората категорија на пензионери ќе ги добие пензиите на 30, третата категорија на пензионери ќе ги добие пензиите еден месец покасно итн. Тоа беше начинот на работа тогаш. Зошто СДСМ денеска избегнува да говори за ребалансот на буџетот. Затоа што не се исполнија проекциите за банкрот и за грчко сценарио. Имаме стабилна ситуација во однос на буџетот, во однос на макроекономската политика, во однос на банкарскиот систем, во однос на буџетскиот дефицит, во однос на јавниот долг. Имаме невработеност 28%, која што воопшто не за човек да се радува и да биде презадоволен, но сепак е добар тренд поаѓајќи од оние 38% кои што беа наследени од СДСМ. Имаме пораст на бруто домашниот производ во првата половина од оваа година во просек 3,4%. Пред 10 дена имавме Извештај од Европската комисија кој што вие ги цитирате и можно е да ги цитирате колку сакате, но пораката од тој извештај беше дека Република Македонија заслужува препорака за почеток на преговорите за членство во Европска унија и тој Извештај не го правела некоја Комисија на ВМРО ДПМНЕ, туку го правела Европската комисија која што прави извештаи за Турција, за Албанија, за Исланд и за Србија и за сите други земји и тој Извештај самото тоа што е позитивен и дава препорака говори дека оваа земја има

институционален и демократски капацитет да ги отпочне преговорите за членство. Пред два дена имавме извештај од Светската банка каде што Македонија беше пофалена како пример помеѓу десетте земји оние што го прават неопходните реформи за унапредување на својата економија и за водењето на бизнис. Затоа вие господине Георгиев зборите за репресија, за авторитарен режим и за земја без демократија, и ќе го говорите тоа се додека вие и вашите колеги веруваат во зборовите на вашиот довчерашен првенец дека народот греши и кога е во право. Дајте му шанса на народот ако сакате да потврдите дали греши или не и она што го кажавте сметам дека заклучок е дека вие се залагате за предвремени избори.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Георгиев Гордан има контра реплика, повелете.

**Гордан Георгиев**:Почитувани граѓани за разлика можеби од некои други колеги овде Антонијо Милошоски знае точно што зборува и знае точно дека не ја изместувам дебатата, туку сум во срцевината на дебатата, ова го повторувам по не знам кој пат. И кога велам дека Белоруско сценарио кое што денеска ни се случува е пострашно од грчко, дека тој многу добро знае што мислам под тоа и знае бидејќи учел каде што учел во Германија знае што значи и југенд и финална солуција, знае што значи и Дахау и Треблинка итн. и го знае и знае точно кои се улогите на авторитарните режими и е жив среќен, јас сум сигурен во тоа дека не беше член на Владата, оваа инкриминирана Влада што го спроведе 24 декември. Истото она што го знае Антонијо Милошоски е визави неодамнешниот говор на човекот позади мене во кој што ја обвини опозицијата дека кодошела по странство и тој знае и Илија Димовски знае и Влатко Ѓорчев знае кога сме оделе заедно во странство како јас и моите колеги сме настапувале заеднички.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Госпоѓа Силвана Бонева има реплика, повелете.

**Силвана Бонева**: Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега Гордан Георгиев, сите знаат дека демократијата не подразбира физички напад на претседател на Собрание, демократија не подразбира одземање на збор на пратениците на парламентарно мнозинство од страна на пратениците на опозицијата, демократијата не подразбира да не му дозволите на претседател на било кое собраниско тело да ја води седницата и насилнички да му се одземаат од раце материјалите како што правевте на колешката Благордна Дулиќ. Демократијата не подразбира постојани закани и закани на колегите од парламентарното мнозинство само затоа што не се помрднавме од место да влеземе во вашето сценарио и да станеме дел од марионетките водени од Бранко Црвенковски. Ќе се согласите од временска дистанца од една година дека сите вие бевте само марионетки во кукленоит театар на Бранко Црвенковски, жртви кои треба да играат овде на оваа собраниска говорница и во сите други сали во Собранието на Република Македонија, бевте испратени овде само со една цел Бранко Црвенковски се прости од сите вас и ви кажа ве праќам во Собранието на Република Македонија и оттаму не смеете, се простив од вас од Ана, од Гордан, од сите, се простив но, не смеете да се вратите никако друго, освен како победници. Што значи победнички? Тоа значи насилнички да ја превземете власта од парламентарно мнозинство, не на избори, туку со тепање на претседателот на Собранието, со правење тензии, со лутање кон колегите од другите етнички заедници посебно, посебно колегите од ДУИ и од ДПА зошто не ви се приклучија. Тоа ви беше сценариото, меѓуетнички тензии во Република Македонија, а однадвор господинот Бранко Црвенковски ќе ја тепа сопствената полиција. Замислете претседателот на државата на Република Македонија, човеко кој бил претседател на државата, насрнува кон сопствената полиција и сопствениот народ само со една цел, насилнички да влезе однадвор да ви помогне во насилничкото преземање на власта. Зошто беше сето тоа потребно? Да не се донесе буџет затоа што знаевте дека ќе се исплатат обврските кон нашите стопанственици, ќе се исплатат обврските кон странство, нема да биде загрозен кредитниот рејтинг на земјата, авторитетот на Република Македонија ќе остане, ќе се исплатат пензиите, социјалната помош. Значи нема да има тензии во општеството. Вие сакавте да немаме буџет за да нема раст на економијата за да ги немаме овие бројки, за

да не бидеме четврта земја како добра земја и по задолжување и по странски инвестиции, 4 земја топ реформатор само затоа почитуван колега бидејќи тоа беше единствениот начин СДСМ да дојде на власт. Затоа пропадна сценариото на Бранко Црвенковски.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Георгиев Гордан има контра реплика, повелете.

**Гордан Георгиев**: Почитувани граѓани со колешка нема да дискутирам на оваа тема, не заради потценување, туку токму заради тоа што таа е главниот хистрион на оваа власт, главната полуга и нејзиниот крајно репетитивен стил мислам дека е веќе прочитан од граѓаните, па мислам дека и во сопствената партија. Ги повторив моменти околу тоа што значи и какви правни консеквенци има државен удар, ги повторив и повторно ќе повторам крајно ублажените цитати од Европскиот извештај. Го повторив аргументот дека нема демократија во која што новинарите се брутално исфрлени надвор и во која што пред недела дена има изјава на претседателот на ЗНМ дека Македонија е автократска држава, авторитарем режим и крај на програмата. Колеги не знам како воопшто да дозволите да дебатираме на таа тема кога имаме крај на програмата на тема - демократија во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, многу ви благодарам.

Госпоѓица Рунчева Христина има реплика, повелете.

**Христина Рунчева:** Благодарам почитуван претседателе.

Колега следејќи ја вашата дискусија имам впечаток дека почнавме да ја заборуваме темата за која денес дискутираме. Целосно ја дефокусиравте темата и се тргнавме настрана од она што значи измена и дополнување на Буџетот за 2013 година или познато како Ребаланс на Буџетот. Максимално го искористивте политичкиот контекст на дискусијата, не слушнав ништо од економскиот дел на вашата дискусија. Некако селективно ја насочивте и повеќе се движевте кон политички напад што е ваше право, меѓутоа ајде кога сме и кај политичкиот дел рековте дека нема дебата, дека немате услови за демократски дискусии. Тогаш што дискутираме денес? Колку што гледам ги изнесовте сите ваши аргументи, имавте право слободно да го кажете она што го мислите, вашите политички позиции. Значи, апсолутно никаква цензура нема во овој Законодавен дом. Секој од нас има право да излезе да го изнесе своето мислење, своите ставови и тоа е демократско право кое што никому не е ускратено. Меѓутоа тоа што вие не изнесувате нови предлози и идеи е ваша партиска идеологија, ваша програма, сеедно. Јас сметам дека овде треба да ги чуеме и вашите предлози контра предлози на она што ние го нудиме и да не заборавиме дека денес дискутираме за Ребалансот на Буџетот.

Рековте дека сме два различни света. Неколку пати го потенциравте тоа. Се согласувам. Да бевме ист свет всушност немаше да се почувствуваат разликите помеѓу нас и вас. Кога викаме два различни света сме, да. Како што знаете 3,4% раст имаме во последните месеци кој што е всушност четврти по ред во Европа, по Латвија, Турција и Исланд. Имаме намалување на невработеноста. За 10%. Од 38 на 28%. Имаме раст на градежништвото. Имаме зголемени капитални инвестиции. По четврти пат сме рангирани на топ 10 реформатори и листата според дуинг бизнис извештајот на Светска банка што значи дека сме подобри од сите земји во регионот, туку и во Европската унија ако зборуваме и за Словенија и за Холандија и за Белгија и за Австрија и Грција и Бугарија. Значи во соседството имаме подобри резултати. Имаме раст на извозот истовремено и пак сме два различни света. Дојдоа странски дирекни инвестиции. Во Македонија постои и Кромберт и Шуберт постои и Џонсон Контролс постои и Дрексел Маер. Различни светови сме колега. Не можеме да бидеме еднакви.

Во однос на исплатата на субвенциите да не заборавиме. Исплатени според предвидена динамика, добиени, покачени пензии согласно растот на трошоците за живот и да не заборавиме дека се работи за мини ребаланс. Значи имаме практично само дополнување и зголемување на средствата во високо образовните институции за нови лаборатории. Потоа имаме дополнети средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и корекција на платите за буџетските корисници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Георгиев Гордан има контра реплика, повелете.

**Гордан Георгиев:** Почитувани граѓани, со колешката ќе се согласам на почетокот дека така ја забораваме темата за да не ја заборавиме вистинската тема бидејќи не е побитна темата Ребаланс на буџетот од темата тепање на новинари и опозиција во Собранието од страна на полиција на темата буџет. Ќе се согласите дека по елементарна логика не е побитна, а ова е консегвенцата од тоа насилно донесување на Буџетот. Велите има дебата дека дебатираме. Пред четири саати тука седевме кога разговаравме кратко за одлуката за разрешување на Трајко Вељаноски, каде што вие одбивте. Целиот прв ред, не знам дали сте били вие тогаш пратеник. 2010 гласеше иста одлуката за Трајко Вељаноски, сега ја одбивате. И последно, нема дебата и тврдам дека нема дебата затоа што дури таа дебата се одвива во рамките на некаков веројатно нормален, недемократски амбиент, тогаш може со мајоризација но кога ќе се прејдат границите или кога ќе се разговара за теми кои што се од витален интерес, а тоа е буџетот иднината на нашите деца тогаш може и полиција да се викне. Во тој момент дебатата е субституелна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Колеги пратеници, тука ја прекинувам седницата. Со оваа седница продолжуваме во петок во 11,00 часот, а утре имаме нова седница посветена на Пратенички прашања.